# АНАЛИЗА

## НА ПРАВНАТА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ДИГИТАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ДИГИТАЛНИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ



СТАР

# АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ДИГИТАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ДИГИТАЛНИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

СТАР
ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Digital Defenders Partnership

**Наслов на публикација:**
Анализа на правната рамка во Република Северна Македонија во однос на дигиталната безбедност и дигиталните права на сексуалните работници

**Издавач:**
Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

**За издавачот:**
Борче Божинов, Претседател

**Уредници:**
Ненад Мицов
Ивана Ацевска-Стојановска

**Автор на анализата:**
м-р Драгана Дрндаревска

**Лектура:**
Бојан Илковски

**Графички дизајн:**
Игор Стојановски

Скопје, 2024

Издавањето на оваа публикација е во рамки на проектот „Отпорноста на сексуалните работници во дигиталната ера“ со цел да се зајакнат организациските и капацитетите на сексуалните работници за справување со дигиталните закани врз човековите права, со поддршка од фондацијата Hivos преку грантовиот механизам Digital Defenders Partnership (DDP).

Ставовите и содржината изнесени во публикацијата се единствена одговорност на авторот и издавачот.

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.7:176.5-051]:004.738.5(497.7)(047.31)
342.7:176.5-051]:340.13(497.7)(047.31)
342.7:176.5-051]:004.738.5(047.31)
342.7:176.5-051]:341.24(047.31)

ДРНДАРЕВСКА, Драгана
Анализа на правната рамка во Република Северна Македонија во однос на дигиталната безбедност и дигиталните права на сексуалните работници [Електронски извор] / [автор на анализата Драгана Дрндаревска]. - Скопје
: Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://starsexwork.org/analiza-digitalni-prava-i-bezbednost/. - Фусноти кон текстот. - Текст во PDF формат, содржи 65 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 16.04.2024. - Библиографија: стр. 61-64

ISBN 978-608-67204-0-7

а) Човекови права -- Сексуални работници -- Интернет -- Правна рамка -- Македонија -- Истражувања б) Човекови права -- Сексуални работници -- Интернет -- Меѓународно-правна регулатива -- Истражувања

COBISS.MK-ID 63492613

-----------------------------------

# СОДРЖИНА


1. Вовед ....................................................................................................................5

2. Методологија .........................................................................................................7

3. Меѓународни искуства и стандарди во однос на дигиталните права и дигиталната безбедност на сексуалните работници ....................................................9

3.1. Дигитално родово засновано насилство ....................................................10

3.2. Право на приватност.........................................................................................13

3.3. Заштита на лични податоци .............................................................................16

3.4. Нефер услови за работа на онлајн платформи ..........................................17

3.5. Слобода на говор и здружување ....................................................................20

4. Национален контекст: Услови и фактори кои влијаат на дигиталната сексуална работа во Северна Македонија ..........................................................................25

4.1. Криминализација на сексуалната работа. Последици врз правата на сексуалните работници и пристапот до правда .............................................27

4.2. Услови за нудење сексуални услуги онлајн ...............................................30

4.3. Дигитално родово засновано насилство......................................................38

4.4. Заштита на лични податоци ...........................................................................41

4.4. Слобода на изразување ...................................................................................45

5. Заклучоци ............................................................................................................ 49

6. Препораки ............................................................................................................58

7. Библиографија.......................................................................................................61

# 1.

# ВОВЕД

Оваа анализа има за цел да отвори дискусија за човековите права на маргинализираните заедници, пред сè на сексуалните работници, во дигиталниот простор, со фокус на дигиталните права и дигиталната безбедност. Под поимот дигитални права се подразбираат човековите права во дигиталната сфера каде центарално е правото на приватност, слободата на изразување, еднаквоста и други права кои во дигиталната област опфаќаат повеќе сегменти кои континуирано се развиваат, како што се правото на информираност за обемот на податоци и начинот на нивното користење, правото да се исклучиш, правото да контролираш кој, за што и на каков начин ги употребува твоите лични податоци,  правото на транспарентност и учество во донесување одлуки во врска со дигиталната сфера, право на пристап до Интернет и до онлајн услуги, заштита од говор на омраза и дезинформации, правото на пристапен правен лек во случај на повреда на дигиталните права итн. Правото на приватност како дигитално право, освен елементите поврзани со личните податоци, го вклучува и правото на анонимност, правото на приватна/енкриптирана комуникација, т.е. заштита од прислушување и набљудување на приватните пораки. Дигиталните права за Северна Македонија се ново поле на работа, кое како и сите останати полиња, има свои специфики кои треба соодветно да се разберат, со цел да се мапираат потенцијалните повреди на правата кон маргинализираните групи како сексуалните работници/-чки. Дигиталната безбедност за потребите на оваа анализа подразбира безбедност на поединците, сексуални работници онлајн, која вклучува безбедност на личните податоци и ослодобеност од било која форма на насилство кое може да се случи онлајн, но и насилство во живо, кое почнало, се организирално или е мотивирано од онлајн настан.

Фокусот на анализата е мапирање на состојбите со повредите на правата и нееднаквостите во дигиталната сфера, анализа на меѓународните стандарди и националната правна рамка и нејзината соодветност во однос на заштита и промоција на дигиталните права и дигиталната безбедност на сексуалните работници. Критериумите за оцена на соодветноста на правната рамка се формираат преку дефинирање на потребите на сексуалните рабитници за заштита на нивните права во дигиталната сфера, како  и оцена на можностите на правната рамка да одговори на овие потреби, земајќи ги предвид практиките на институциите во спроведувањето на правната рамка со фокус на постапување во случаи на повреди на права на маргинализирани групи. Понатаму, анализата дава оценка на правната рамка во однос на меѓународните стандарди во областа и во однос на наодите и препораките на меѓународните мрежи на организации кои работат на полето на дигитални права на сексуални работници, поточно Европската алијанса за правата на сексуални работници (ESWA[1]).

Анализата се спроведува во услови во кои генерално дигиталните права и дигитализацијата се недоволно развиена област во Северна Македонија.

1 Повеќе за ESWA на следниот линк. СТАР-СТАР е членка на ESWA.

Разбирањето на влијанието на дигитализацијата врз правата на сексуалните работници и другите маргинализирани заедници не е доволно истражено. Исто така, клучен факт што се зема предвид во анализата е тоа што сексуалната работа во Северна Македонија не е ниту декриминализирана, нити легализирана, т.е. не постои правна рамка која ја регулира сексуалната работа како работа. Напротив, сексуалната работа во Северна Македонија е криминализирана.

Анализата ги опфаќа и темите родовата еднаквост и родово заснованото насилство онлајн, говорот на омраза и слободата на изразување онлајн, декриминализацијата на сексуалната работа, работнички права во дигиталната сфера (права на работници на платформи), правото на приватност онлајн, заштита на лични податоци и други поврзани теми. Во поширок контекст, анализата има за цел да покаже на кој начин стигмата кон сексуалната работа и недостатокот на правна рамка за декриминализација негативно влијаат на дигиталните права и дигиталната безбедност на сексуалните работници во Северна Македонија. Оттука, оваа анализа може да послужи како уште една алатка за застапување за декриминализација на сексуалната работа, како најсоодветен модел на регулација заснован на достоинството и човековите права на сексуалните работници. Дополнително, истражувачко прашање се и начините на кои маргинализацијата и нееднаквостите на сексуалните работници и поврзаните маргинализирани групи се засилуваат во дигиталната сфера.

Анализата е подготвена за потребите на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје  во рамки на проектот „Отпорноста на сексуалните работници во дигиталната ера“ - иницијатива за зајакнување на капацитетите на Здружението и на сексуалните работници за справување со заканите во дигиталната сфера. Клучните наоди и препораки од анализата ќе послужат за дефинирање на понатамошни активности на Здружението насочени кон самата заедница и кон донесувачите на одлуки.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата се заснова на рамката на човекови права, поточно Европското право за човекови права, еднаквост и недискриминација - теоретска рамка на родова еднаквост имајќи ја предвид суштествената еднаквост. Анализата тргнува од фактот дека декриминализацијата на сексуалната работа е единствен модел заснован на човекови права, достоинство и родова еднкавост, во чии рамки е возможно унапредување на добросостојбата на сексуалните работници, но и родова и сексуална еманципација на целото општество.

Најнапред, во анализата се мапирани проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници во дигиталната сфера, како повредите на правата со фокус на правото на приватност, заштитата на лични податоци, еднаквоста и заштитата од насилство и дискриминација, слободата на изразување (заштита од цензура и заштита од говор на омраза), слободата на здружување и правото на работа. Клучните проблеми се маприрани преку фокус група со сексуални работници и со тимот на Здружението СТАР-СТАР и преку преглед на истражувања во областа на меѓународни невладини организации. Со цел мапирање на повредите на права во дигиталната област на сексуалните работници во Северна Македонија се користеа податоци од фокус групата, податоци од анализи и истражувања на здруженија на граѓани, извештаи од документирање случаи и од постапки пред национални и меѓународни тела. Потпрашање на оваа тема беше утврдувањето на начините на кои сексуалните работници го користат дигиталниот простор за нудење/давање сексуални услуги, со цел да се утврдат условите, да се оцени нивната поволност и усогласеност со потребите на сексуалните работници и да се маприраат ризици за повреди на права. Клучно ограничување на анализата се токму оскудните податоци од сексуални работници од Северна Македонија во врска со начинот на користење на дигиталниот простор за сексуална работа. Особено недостасуваат податоци од сексуални работници кои и нудат и даваат сексуални услуги онлајн. Оттука, во анализата се опфатени само платформи за нудење сексуални услуги, додека сексуалната услуга се дава во живо.

Понатаму, анализата ги дефинира меѓунардните стандарди во областа и ги поставува како аналитичка рамка за оцена на минималните стандарди кои треба да ги задоволи националното законодавство. Меѓународните инстументи во областа се анализирани наспроти потребите и проблемите на сексуалните работници во дигиталната сфера. Во овој дел се дефинираат пет клучни поттеми и тоа: 1. дигитално родово засновано насилство, 2. право на приватност, 3. заштита на лични податоци, 4. нефер услови за работа на онлајн платформи и 5. слобода на говор и здружување.

Анализата на состојбите со правата на сексуалните работници во дигиталната сфера во Северна Македонија вклучува преглед, анализа и оцена на националното законодавство и националните политики во областа на дигитализа-

цијата, дигиталната безбедност, заштитата на лични податоци, медиумите, родово заснованото насилство, слободата на изразување и говорот на омраза. Оцената е наспроти аналитичката рамка заснована на потребите и меѓународните стандарди. Со цел добивање подетални податоци во областа на дигитализацијата, дигиталната безбедност и заштитата на лични податоци, спроведено е интервју со експерт во областа. Како секундарни извори на податоци консултирани се извештаи и анализи на домашни и меѓународни институции и здруженија. Во овој дел се дефинирани пет поттеми: 1. криминализација на сексуална работа, 2. услови за нудење сексуални услуги онлајн, 3. дигитално родово засновано насилство, 4. заштита на лични податоци и 5. слобода на изразување.

Текстот завршува со заклучоци, изведени од секое поглавје поединечно и препораки поделени согласно актерите за кои се наменети.

# 3.

# МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА И СТАНДАРДИ ВО ОДНОС НА ДИГИТАЛНИ ПРАВА И ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Сексуалната работа денес се одвива во дигиталната сфера, без разлика дали станува збор само за нудење или и за нудење и давање сексуални услуги онлајн. За разлика од сексуалната работа на улица (на отворена сцена) или на затворена сцена во бордели, клубови или приватни станови, се смета дека онлјан нудењето и/или давањето услуги е побезбедно, т.е. дигитализацијата, генерално, се смета за поволна за сексуалните работници и во преден план се земаат можностите кои таа ги нуди. При нудење сексуални услуги онлајн не постои директен контакт со клиенти, полиција и трети лица, како макроа и насилници кои сакаат да ја искористат маргинализираната положба на сексуалните работници. Сексуалните работници имаат подолго време да одлучат дали да дадат сексуална услуга на одреден клиент кога услугите се нудат онлајн, со што имаат повеќе време да ги пресметаат ризиците и да проценат дали одреден клиент е безбеден. Генерално, нудењето услуги онлајн им остава поголем простор на сексуалните работници да преговараат со клиентите за употреба на заштита (кондоми), како и да преговараат во однос на видот на услугите, цената и сл. Кога станува збор за давање сексуални услуги онлајн, како услуги преку веб камери, продавање слики и видеа со сексуална содржини, ризиците кои ги носи директниот контакт со клиентите уште повеќе се намалуваат. Има и бенефити во однос на плаќањето, со тоа што преку нудењето и давањето сексуални услуги онлајн, сексуалните работници можат да се договорат однапред да се плати преку дигитални платфоми за плаќање. Бенефитите од онлајн нудењето и давањето услуги се уште повидливи во земјите каде сексуалната работа е криминализирана или не е препознаена како работа. Во вакви околности сексуалните работници кои работат на отворена сцена директно се изложуваат на ризик од контакт со полиција, ризик од кривични и/или прекршочни санкции, поголема изложеност на родово засновано насилство и насилство од омраза, особено кај трансродовите сексуални работници, изложеност на јавна осуда и потсмев, ограбување, уцени и закани од страна на макроа и друго. Но, ова не значи дека преку онлајн нудење и давање сексуални услуги може целосно да се избегне криминализацијата и другите повреди на правата. Можностите за онлајн сексуална работа особено беа важни во контекст на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.

Сепак, стигмата кон сексуалните работници и нивната маргинализирана положба во општеството се рефлектираат и во дигиталната сфера пројавувајќи нови начини на манифестација. Со други зборови, проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници и прекршувањата на нивите права, на различен начин се манифестираат во дигиталната сфера, додека причините за неправдата остануваат исти. Дигитализацијата на сексуалната работа, иако од одредени аспекти може

да ја направи сексуалната работа побезбедна, не може да ги реши проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници, а кои произлегуваат од патријахалната вредносна матрица и останатите вредности и практики кои произлегуваат од неа, како родово заснованото насилство, курвофобијата, хомофобијата, сексизмот, трансфобијата и немањето ефикасни и ефективни механизми за пристап до правда. На пример, со сексуална работа онлајн не можете да бидете жртва на физичко насилство од страна на клиент, но можете да бидете жртва на сексуална злоупотреба преку визуелен материјал[2], како специфична форма на сексуално и психолошко насилство овозможена од онлајн комуникациските технологии. Од аспект на заштитата на приватноста, сексуалната работа онлајн може да биде поризична од сексуалната работа во живо. Верувањето дека технологијата е лесно решение за општествените проблеми е едноставно пренаивно и погрешно, така што во однос на сексуалната работа не можеме да сметаме дека дигитализацијата сама по себе ќе ги реши проблемите со прекршување на човековите права на сексуалните работници. Напротив, техносолуционизмот[3] е штетен и опасен кога не се имаат предвид комплексните општествени односи кои влијаат на маргинализацијата на одредена група.

Клучните проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници во дигиталната сфера можеме да ги поделиме на неколку категории: 1. дигитално родово засновано насилство, 2. право на приватност, 3. заштита на лични податоци, 4. нефер услови за работа на онлајн платформи и 5. слобода на говор и здружување.

## 3.1. Дигитално родово засновано насилство

Овој аспект е поврзан со пошироката тема - родова еднаквост онлајн. Наспроти, погрешното верување дека дигиталниот свет е неутрален, јасно е дека родовата нееднаквост, родовата пристрасност и сексизмот се основа на онлајн сферата. Сè што се смета за неутрално, вообичаено ја одразува нормата на мнозинството, така што и наводно неутралните софтвери, алгоритми и други технологии се засновани на родови стереотипи, односно се алатки за репродукција на родовите нееднаквости. „Угнетувачките структури како расизмот и (цис)сексизмот остануваат централни во дигиталните контексти“[4]. Тврдењето дека се (родово) неутрални го оневозможува разговорот за „дигиталните нееднаквости како целосно нови проблеми што се појавија само поради технолошкиот напредок, бидејќи тие се вкоренети во историските практики на надзор и обработка на податоци кои одамна се користат како алатки за експлоатација, колонијализам, патријархат и други форми на доминација“.

Родовите норми и сексистичките светогледи од офлајн се пренесуваат во онлајн сферата, бидејќи не е преземено ништо за ова да се превенира и промени.

2 Превод од “image based sexual abuse”, сексуална злоуптреба преку визуелен материјал или споделување интимни визуелни материјали без согласност, кои се користат за да се означат дејства на креирање, споделување или заканување за споделување на интимни материјали како видеа, фотографии, текстуални пораки без согласност на личноста која ги пратила или која е предмет на материјалот.

3 Терминот се користи за да се означи трендот на решавање или верувањето дека комплексни општествени проблеми можат да се решат преку употреба на технологии за кои погрешно се смета дека се неутрални. На пример, справување со родова дискриминација на пазарот на труд преку користење алгоритми за селекција на кандидати за работа.

4 Theilen, J., „Digital inequalities and the promise of equality before the law“. Digital freedom found, 19.

Напротив, во областа на информатичките технологии имаме голем родов јаз, мажи се воглавно луѓето кои работат и ја развиваат оваа област, а дури и доколку тоа не е случај, вработените во овој сектор не се родово посензитивни од сите останати. Преку процесите на „учење на машините", т.е. внесување на податоци во софтвери се користи истиот вообичаен јазик со кој се промовираат и зацврствуваат сексистички ставови и родова дискриминација. Во оваа област, сè повидлива е т.н. алгоритмичка дискриминација која означува нееднаков третман, најчесто заснован на род, родов идентитет, раса и етникум, од страна на алгоритми кои се користат во технологиите за автоматизирано донесување одлуки (на пример, при вработување, при одобрување на кредите и други услуги) и во биометриски технологии за надзор (на пример, препознавање ликови[5]) и слично.

Сосема спротивно, „историчарите на технологијата, одново и одново, докажуваат дека новите технологии не само што им служат на интересите на оние кои се на власт, туку намерно се развиваат и искористуваат за поддршка на напорите за доминација, полициско работење и надзор. Без разлика дали станува збор за шеми на родова и расна класификација или други методи, нееднаквостите се вградени во самите основи на дигиталните инфраструктури". Историчарката на технологија и род Мар Хикс, во есејот „Сексизмот е карактеристика, а не бубачка" ("sexism is a feature, not a bug") ги објаснува начините на кои мизогенијата е вградена во технологијата и во онлајн просторот[6]. Руха Бенџамин, социолошка и универзитетска професорка пишува дека „расизмот, без разлика дали во резултатите од пребарувањето или во системите за надзор, не е симптом или резултат, туку предуслов за изработка на овие технологии"[7]. Оттука, станува збор за системски нееднаквости и дискриминација во технологијата и во онлајн просторот, а не за грешки или исклучоци кои лесно би се поправиле.

Сексуалните работници, особено жените, трансродовите и геј сексуалните работници се сметаат за најголеми престапници на родовите норми, за што следуваат општествени санкции, стигма, исклучување, поголема изложеност на родово засновано насилство, а во многу земји и криминализација преку законите и/или практиката на институциите. Родовите нееднаквости и родовата пристрасност онлајн, особено влијае врз нивните права и безбедност во онлајн просторот. Ова е највидливо на теренот на дигиталното родово засновано насилство и неговата сеприсутна форма преку сексуалната злоупотреба на визуелен материјал или споделувањето на слики и видеа со интимни содржини без согласност. Интимите врски денес се одвиваат и онлајн, без разлика дали се во контакст на сексуална работа или не. Споделувањето интимни фотографии, видеа и пораки со сексуалните партнери е дел од врската. Но, поради нееднаквите односи на моќ од кои произлегуваат двојните стандарди во врска со сексуалноста, (транс)жените се изложуваат на родово засновано насилство преку споделувањето интимни материјали со

5 Пример е скорешен случај во Холандија, каде е утврдено дека биометриските технологии за надзор полошо функционираат за препознавање на ликови на жени, уште полошо за препознавање на црни луѓе или генерално небели луѓе. Затоа, доколку оваа технологија се употребува за набљудување собраќајни прекршоци, почесто ќе се случува жените и црните луѓе да бидат погрешно обвинети за сторен собраќајен прекршок. На ваков начин, родовите и расните пристрасности од офлајн кривично правниот систем се овозможени и преку употреба на технологии за надзор.

6 Mullaney, S.T., Peters, B., Hicks, M., Philip, K., "Your Computer Is on Fire", The MIT Press, 2021.

7 Benjamin, Ruha, "Race after Technology. Abolitionist Tools for the New Jim Code". Polity, 2019.

сексуални партнери. Со споделувањето на интимна слика со партнерот настапува голем дисбаланс на моќ, во кој главен соучесник е околината. (Транс) жените зависат од добрата волја на партнерот и неговиот личен морален интегритет да не ја сподели и да не ја објави. Понатаму во врската, тие можат да станат заложници, да останат во врската само за да не ризикуваат да се објават фотографиите, да прифаќаат понуди спротивно на своја волја и целосно да изгубат контрола над интимниот живот.

Сите жени и девојки онлајн можат да се соочат со овој вид насилство, но поради природата на занимањето, кое подразбира нудење и давање сексуални услуги онлајн, сексуалните работници се многу поизложени на овој вид родово засновано насилство. Без разлика дали само нудат или и нудат и даваат сексуални услуги онлајн, споделувањето и прикачувањето материјали со сексуална содржина е дел од работа на сексуалните работници и тоа го прават секојдневно како дел од услугата или за да привлечат клиенти. Дополнителен ризик е тоа што околината и семејството ќе дознае дека се занимаваат со сексуална работа, а кај транс жените и геј мажите се ризикува и откривање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Многу често клиентите ги споделуваат интимните материјали со трети лица без согласност, ги прикачуваат на други платформи, а ги користат и за да се закануваат и да ги уценуваат сексуалните работници, изнудувајќи им пари, сексуални услуги и слично. Иако постојат начини со кои сексуалните работници можат да го намалат ризикот од сексуална злоупотреба преку визуелни материјали, како на пример, необјавување фотографии со ликот, замаглување на ликот, користење генерички фотографии на платформите за рекламирање, праќање фотографии и видеа на енкриптирани платформи за комуникација каде има можност да бидат видливи само за краток временски период итн., сепак се јавуваат проблеми и при употребата на овие начини на заштита. На пример, ризикуваат да изгубат клиент ако не пратат фотографија со лик, платформата која ја користат за комуникација со клиентот нема вакви опции, или пак и самите немаат информација дека постојат вакви можности или не знаат како да ги користат. И секако, овие технологии не нудат апсолутна заштита, клиентите кои имаат намера и сакаат да ги споделат овие материјали без согласност исто така имаат бројни можности тоа да го направат.

Во однос на заштитата од ваквиот вид насилство, особено влијаат сексистичките ставови на обвинување на жртвата, „сама си е крива“ што ги споделила фотографиите, ги објавила, што му ги пратила на некој итн, т.е. неприфаќањето на концептот на согласност како клучен во сексуалните и интимните врски без разлика дали станува збор за релација помеѓу сексуален работник и клиент, интимни партнери, пријатели или сопружници. Обвинувањето на жртвите оневозможува институциите и самите жртви да ги препознаат овие дејства како насилство и ги одвраќа жртвите од пријавување. Наместо осуда и засрамување на сторителот, жртвите се тие кои се обвинуваат себе си и се засрамени.

Истанбулската конвенција или Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство[8] е клучен регионален документ во оваа област. Конвенцијата експлицитно го препознава насилството врз жените како родово засновано, го препознава сексуалното вознемирување, другите форми на сексуално насилство, го промовира концептот на

8 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 2011.

согласност како клучен за да се утврди дали одреден акт претставува насилство, предвидува низа мерки за заштита на жртвите на сексуално насилство итн. Конвенцијата наметува обврска за спроведување мерки „со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се зановаат врз идејата на инфериорност на жените или врз стереотипните улоги за жените и мажите“[9]. При спроведување на Конвенцијата забранета е дискриминација на која било основа помеѓу кои и „пол, род, раса, боја, јазик, вера, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање, сексуална ориентација, родов идентитет, здравствена состојба, попреченост, брачен статус, статус на мигрант или бегалец, возраст или друг статус“.[10] Оттука, сексуалните работници имаат значаен бенефит од ратификување и соодветно спроведување на Истанбулската конвенција. Конвенцијата е ратификувана од страна на 39 земји помеѓу кои и Европската Унија11, со што може да се смета за европски стандард во областа на родово заснованото насилство.

Говорот на омраза е уште една форма на онлајн насилство, често и родово засновано, без разлика дали ќе биде насочен кон одредена сексуална работничка, цис или транс жена, или кон цела заедница. Сексуалните работници кои се воедно и активисти/-ки, транс и/или геј сексуалните работници особено се изложени на оваа форма на насилство. Говорот на омраза заснован на род, сексуална ориетација и родов идетитет е форма на психолошко и вербално насилство, но доколку е зачестен и поминува несанкционирано добива форма на социјално насилство, бидејќи припадниците на маргинализираните заедници се секојдневно изложени на пораките дека тие и нивниот идентитет се неприфатливи и омразени, односно живеат во заканувачка и непријателска средина која постојано го повредува достоинството на сите припадници на групата.

Родово заснованото насилство онлајн и говорот на омраза го прават оналјн просторот небезбеден за сексуалните работници. Тие доживуваат стрес, страв и преживуваат трауматски искуства, особено кога поради сексуална злоупотреба преку визуелен материјал, околината, родителите, децата и другите роднини или работодавачи дознаваат дека се сексуални работници. Поради ваквата злоупотреба можат да бидат и виктимизирани, односно да им бидат прекршени други права, како на пример да изгубат вработување, материјалите да се искористат против нив во постапки за старателство врз дете или стекнување други социјални права и слично.

## 3.2 Право на приватност

Приватноста е основно човеково право кое вклучува право на почитување на приватниот и семејниот живот, домот и преписката. Вмешувањето во остварувањето на ова право, односно ограничувањето е возможно само доколку е предвидено со закон како мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, спречувањето на кривични дела, заштита на здравјето, моралот, слободите и пра-

9 Член 12 Став 1, Истанбулска Конвенција, 2011.

10 Член 4 Став 3, Истанбулска Конвенција, 2011.

11 Веб страница на Советот на Европа за Инстанбулската конвенција. Достапно тука.

вата на другите[12]. При оценувањето на дозволеноста и законитоста на вмешувањето важи принципот на пропорционалност.

Отсуството на декриминализација на сексуална работа значи повреда на правото на приватност само по себе. Непрепознавањето на сексуалната работа како работа е резултат на морализирачко вмешување во приватноста, телесната автономија, самоопределувањето и правото на самостојно донесување одлуки поврзани со сексуалноста. Декриминализацијата значи дека сексулната работа се третира како секоја друга работа, се почитува достоинството на сексуалните работници, се штитат од насилство и им се овозможуваат безбедни и фер услови за работа и заштита при работа согласно спецификите на професијата. Оттука, декриминализацијата е единствениот модел кој на најдобар начин може да го заштити и правото на приватност, т.е. правото на слободно одлучување во врска со сексуалноста, телото, изборот на занимање итн. Во услови во кои сексуалната работа не е декриминализирана не е возможно да се очекува дека приватноста ќе биде почитувана и во онлајн просторот.

Приватноста е важна за сите корисници на онлајн просторот, а особено е важна за сексуалните работници бидејќи прекршувањето на правото на приватност значи ризик од прекршување и на други права и губење на средства за егзистенција. „За сексуалните работници, приватноста значи контрола врз нивните лични податоци, поставување лични и професионални граници и побезбедно живеење и работа“.[13] Правото на приватност во дигиталната сфера го вклучува и правото да се биде анонимен онлајн. За сексуалните работници е особено важно профилите кои ги користат за сексуална работа да не можат да се поврзат со нив лично, особено ако работат во земји каде сексуалната работа е криминализирана.

Еден од проблемите во врска со правото на приватност во дигиталната сфера се технологиите за надзор, и тоа надзорот над приватната комуникација на платформи за директни пораки (комуникација која не е енкриптирана) и со која највидливо се повредува правото на приватност и технологии за надзор кои се употребуваат на јавен простор за обезбедување на објекти и слично. Доколку офлајн комуникацијата, т.е. преписката е предмет на заштита со правото на приватност, очекувано е ваква заштита да ужива и онлајн комуникацијата на платформи наменети за директни пораки и електронска пошта. Кога приватната комуникација е предмет на надзор, произлегуваат бројни дополнителни прашања како: „Кој може да ја следи оваа комунукација, на каков начин и под какви услови ја користи и може да ја користи?“, „Дали може да се искористи против лицето во постапка пред суд или друг државен орган и под кои услови?“ Овие прашања се исклучително важни за сексуалните работници, особено во земјите каде сексуалната работа е криминализирана или не е регулирана како работа, но и генерално, бидејќи стигмата кон сексуалните работници е универзална, па можат да се соочат со насилство и стигма доколку околината, институциите и семејствата дознаат за сексуалната работа.

Некои од платформите кои немаат енкриптирана комуникација користат и алгоритми за спречување на сексуална работа, така што доколку детектираат приватна комуникација во врска со давање и нудење сексуални услугиа го бри-

12 Член 8, Европска конвенција за човекови права

13 “Contested and misunderstood: The value of privacy and data protection for sex workers”, European Sex Workers’ Rights Alliance, 2022, 22.

шат/забрануваат профилот на сексуалниот работник (на пр. Гриндр). Овие мерки се дел од т.н. деплатформизација на сексуалната работа, што означува преземање низа активности од страна на платформите за да превенираат тие да се користат за нудење и/или давање сексуални услуги. Во некои случаи може да станува збор за дискриминаторска и морализаторска политика на самата платформа, но најчесто е резултат на јавни политики со кои платформите можат да сносат одговорност доколку се користат за организирање трговија со луѓе. Овие закони не прават разлика помеѓу сексуалната работа која е доброволна и трговијата со луѓе, со што ги криминализираат сексуалните работници. Пример за таква политика е Актот за борба против онлајн трговија со луѓе (FOSTA/CESTA[14]) од 2018 година во САД. Законот е постојано критикуван од страна на здруженијата на сексуални работници и движењата за дигитални права. Согласно Законот, платформите се директно одговорни за овозможување трговија со луѓе за сексуална експлоатација, а под сексуална експлатација се подразбира и промовирање и организаирање проституција, со што не се прави разлика помеѓу поимите, на штета на сексуалните работници. Законот претставува пример за техносолуционизам, т.е. обид со едноставни технолошки решенија да се решат комплекцни општествени проблеми, и токму затоа според Европската алијанса за правата на сексуалните работници Законот е неефикасен за превенција на трговија со луѓе и го перпетуира опасното мешање на сексуалната работа со трговијата со луѓе[15], предизвикува цензура, влошување на условите за работа на сексуалните работници, со што ги прави поранливи на сексуална злоупотреба. Негативното влијание од Законот се чувствува и надвор од САД бидејќи голем број платформи кои се употребуваат на глобално ниво се регистрирани со САД. На пример, ако сте сексуална работничка од Нов Зеланд, не можете да бенефицирате од декриминализација на сексуалната работа во Вашата земја ако сакате да нудите и давате услуги на платформа која е регистрирана во САД, т.е. во дигиталната сфера ќе бидете предмет на повреди на правата (пример, затворање и/или забрана на профилот, одземање на финансиски средства и сл.)

Дури и кога не станува збор за закони како FOSTA/CESTA кои се директно дискриминаторски поставени кон сексуалните работници и предвизвикуваат криминализација на сексуалната работа онлајн, опстојуваат и политики чија цел е да ги заштитат децата од онлајн сексуална злоупотреба и кои исто така содржат мерки кои значат вмешување во правото на приватност. Во 2022 година, Европската Комисија го објави текстот на Предлог-регулацијата за превенција и борба против сексуална злоупотреба на деца[16]. Предлогот е остро критикуван од здруженија и екперти за дигитални права, меѓу другото бидејќи овозможува провизорно вмешување во приватноста и на децата и на возрасните преку мерки за генерален надзор, загрозување на правото на енкриптирана комуникација, како и поради лимитираните можности за ефикасна заштита на децата од сексуално насилство онлајн[17]. Овие политики непропорционално негативно влијаат на сексуалните работници како маргинализирана заедница и во онлајн просторот.

Политиките за заштита на децата од сексуална злоупотреба онлајн бараат од платформите да наметнат посторги критериуми за креаторите на сексуални

---

14 Fight Against Online Trafficking Act, 2018.

15 The Impact of Online Censorship & Digital Discrimination on Dex Workers, ESWA, 2022, 2.

16 Proposal for a Regulation of the European Parliament and of the Council Laying Down Rules to Prevent and Combat Child Sexual Abuse, Brussels, 11.5.2022.

17 EDRN (European Digital Rights Network) Position on the CSA Regulation, достапно тука.

содржини онлајн, како што се сексуалните работници. Од креаторите на содржини се бара да доставaт фотографии од пасоши и лични карти, фотографии од лик и друго за да ги користат овие платформи, за да се утврди дека не се малолетни. Со ова, платформите имаат дата бази на лични документи на сексуални работници, за кои постои можност да бидат споделени со органи на прогон и употребени во постапки пред државни органи, на штета на работниците/-чките. Затоа е потребно да се пронајдат други начини за да се провери дали креаторите на сексуални содржини се полнолетни, без да се бараат копии од лични документи од сите креатори.

Надзорот има широка употреба во дигиталната сфера во пребарувачите, платформите за дигитални услуги (приватни и јавни), платформите за чување на податоци (како клауд услуги), онлајн трговија, продавници за услуги, социјални мрежи итн. Генерално целата Интернет инфраструктура е предмет на надзор од страна на приватни мултинационални компании. Овие компании прибираат податоци, ги следат и профилираат корисниците и на недоволно регулиран и мониториран начин располагаат со овие податоци на што го темелат својот профит. Според експертите, мерките на властите за да ја регулираат нивната работа во насока на почитување на приватноста се неефикасни, бидејќи паричните казни не се доволно големи за да ги спречат од една страна, а од друга, нивниот бизнис модел се заоснова на непочитување на приватноста. Сексуалните работници се повторно непропорционално засегнати, бидејќи приватни компании го имаат податокот дека се занимаваат со сексуална работа. Поради онлајн следењето, сексуалните работници не можат да останат анонимни. На пример, сексуален работник нуди услуги на платформа која ја користи за работа и комуницира со клиенти, но поради следењето, на клиентите им се појавува профилот на сексуалниот работник на други платформи и социјални мрежи кои не ги користи за таа намена[18]. На овој начин, клиентите ги дознаваат вистинското име и презиме и можат да влезат во „вистинскиот“ живот на сексуалниот работник. Оваа состојба ги зголемува ризиците за насилство, злоупотреба, закани, уцени и слично.

Технологиите за надзор на јавни места исто така негативно влијаат на приватноста на сексуалните работници. Со овие технологии се врши директно вмешување во приватноста и се собираат лични податоци. Од една страна, овие технологии мора да се користат само кога тоа е неопходно, а од друга, пристапот и начинот на употреба на материјалите и податоците кои се собираат мора да бидат прецизно и строго регулирани. Снимањето на јавните простори за сексуалните работници значи откривање на нивниот статус, а понатаму ризикување овие материјали да се објават и да се искористат во кривични или прекршочни постапки против нив.

## 3.3. Заштита на лични податоци

Заштитата на лични податоци е дел од правото на приватност, но во овој дел ќе бидат претставени потребите за заштита на лични податоци кои ги собираат државните органи. Повеќето земји во Европа имаат солидно законодавство за

18 Податок од фокус група

заштита на лични податоци поради Генералната регулатива на ЕУ за заштита на податоци[19].

Државните органи собираат лични податоци за сексуални работници во различни ситуации. Во земјите каде сексуалната работа е декриминализирана или легализирана, најчесто сексуалните работници треба да ја регистрираат својата дејност во некој орган или да се регистрираат како носители на права од социјално и здравствено осигурување врз основа на работа како сексуални работници. Лични податоци за сексуални работници се собираат и во здравствениот сектор во рамки на програмите за превенција од ХИВ и други сексуално преносливи инфекции. Доколку системот за социјална заштита ги препознава сексуалните работници, исто така ќе собира и лични податоци за нив. Овие податоци се посебна категорија сензитивни податоци бидејќи со нив се открива статусот на сексуален работник, а можат да содржат и други категории, како податоци за здравствен статус, сексуална ориетација, родов идентитет, етничка припадност и слично, а како такви, согласно ЕУ регулативата уживаат повисоко ниво на заштита.

Во земјите каде сексуалната работа е криминализирана, без разлика дали станува збор за прекршочни или кривични дела директно или индиректно насочени кон сексуални работници, личните податоци ќе се собираат од страна на органите за прогон како полиција, судови, обвинителства, министерства за правда и слично. Во овие случаи, ризиците за непочитување на приватноста и правото на заштита на лични податоци на сексуалните работници се најголеми. Самиот факт што државата казнува поради занимавање со сексуална работа е повреда на приватност. Во овие постапки личните податоци на сексуалните работници се пренесуваат од еден до друг орган, јавно се располага со нив во судници, можат да се објавуваат од страна на медиумите кои известуваат за постапките и слично.

За сексуалните работници е особено важно да бидат сигурни дека личните податоци собирани од страна на институциите (со исклучок на органите на прогон кои ги прибрале податоците поради казнување на сексуални работници) ќе бидат сигурни, нема да се издаваат, пренесуваат и употребуваат од страна на други органи на начин и за цел различна од онаа за која биле дадени и дека нема да се употребат во постапки против нив со цел да им се ограничат правата. Оттука, заштитата на личните податоци кои се собираат од страна на државни органи и нивниот третман како особено чувствителни податоци треба да биде клучен дел од моделите за декриминализација на сексуалната работа.

Најчести видови злоупотреба се кога податоците од органот во кој сексуалните работници ја регистрираат својата дејност се предаваат на други органи по нивно барање и се употребуваат за да им наштетат на сексуалните работници. На пример, по барање на судот органот за регистрација дава информација дали некој е регистриран како сексуален работник и овој податок се употребува во постапка за старателство на дете како аргумент дека само поради тоа што се занимава со сексуална работа, лицето не е добар родител.

## 3.4. Нефер услови за работа на онлајн платформи

Во овој дел, сексуалната работа онлајн ќе биде претставена низ призма на работничките права. Сексуалните работници онлајн се дел од поширока та категори-

19 Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the Protection of Natural Persons with Regard to the Processing of Personal Data and on the Free Movement of Such Data, and Repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation)

рија платформски работници[20] кои веќе се препознаваат како посебна категорија работници, дел од т.н. економија на тезгарење, односно економија на хонорарни ангажмани (gig economy). „Работата на платформа или платформаската работа е форма на вработување[21] во која организации или поединци користат онлајн платформа за да пристапат до други организации или поединци за да решат конкретни проблеми, или да обезбедат конкретни услуги во замена за плаќање“[22]. Онлајн платформите во најголем број случаи се фактички работодавачи, без разлика дали станува збор за платформа за сексуални услуги, за превоз или достава на храна, домашни работници, ИТ услуги, консултантски услуги, итн. Оттука, сите права што ги имаат работниците офлајн мора да важат и онлајн во вработувањето преку вакви платформи. Дури и дел од овие работници да се сметаат за самовработени, сепак имаат право на основни права на социјално, здравствено осигурување, осигурување од невработеност, платени отсуства итн. Најчесто платформиските работници работат без договори за вработување, а на сметка на фелксибилноста, се соочуваат со немање финасиска сигурност и неуживање на работничките права. Преку непризнавањето на платформските работници како работници, титулари на работнички права, се создава група на ранливи работници кои работат во лоши услови, немаат моќ за преговарање (немаат право на синдикат), а нефер работните услови можат лесно да преминат во експлоатација.

Сексуалните работници во одредена смисла се платформски работници. Состојбата со платформската сексуална работа е уште поризична поради стигмата кон оваа професија и морализаторските закони и политики кои ја уредуваат или влијаат на неа. Европската алијанса за права на сексуални работници ги мапира нефер условите за сексуална работа на платформите и ја критикува Предлог-директивата на ЕУ за платформски работници како „пропуштена шанса за да се вклучат сексуалните работници, група која е најмногу изложена на ризик од експлоатација и лоши работни услови“[23]. Исто така, се критикува и пропуштањето да се опфатат платформите за рекламирање на услуги бидејќи и овие платформи во голема мера ги регулираат условите во кои се одвива (сексуалната) работа.

Сексуалната работа на платформи има и бројни позитивни страни во споредба со традиционалните начини на сексуална работа. На платформите сексуалните работници можат да нудат различни видови сексуални услуги, а некои воопшто не мораат да се занимаваат со сексуална работа офлајн и директно да се сретнуваат со клиенти. Онлајн сексуалните услуги вклучуваат продавање визуелни сексуални материјали, како содржини согласно барањата на клиентите, работа на камери во живо, преплата на профили на кои споделуваат еротска содржина, директна комуникација со клиенти и испраќање материјали со порнографска содржини, но и рекламирање на офлајн услуги. Платформите одлучуваат под какви услови ќе работат сексуалните работници на платформата, кои услуги ќе ги даваат, на каков начин, колку ќе заработат[24] и какви заштитни механизми ќе се развијат или не. Бидејќи сексуалната работа е стигматизирана и криминализирана речиси

20 Превод од “platform workers”

21 Во правото на ЕУ и согласно Меѓународната организација на трудот работа и вработување е секоја форма на фактичка работа, без разлика на правниот основ со кој е заснована.

22 Веб страница на ЕУ за платформиски работници достапно на овој линк.

23 “Conditions, Control and Consent: Exploring the Impact of Platformisation of Sex Work”, ESWA, 2023, 2.

24 Ова е случај со платформите кои овозможуваат претплата на профили.

на глобално ниво, на овие платформи им е лесно да не прифатат одговорност за здравјето и безбедноста на сексуалните работници. Исто така, платформите одлучуваат кои податоци ќе ги собираат за сексуалните работници и за клиентите и како ќе се користат понатаму. Сексуалните работници немаат моќ да преговараат за условите, принципот е земи или остави, ниту пак се вклучени во развојот на платформата. Напротив, со цел да генерираат повеќе профит, платформите ги прилагодуваат своите услови на потребите на клиентите. На пример, најчесто платформите не бараат од клиентите да отворат ниту профил, додека од сексуалните работници се бара да достават лични податоци, како копии од лични карти или пасоши. Поради малата моќ на сексуалните работници и нивната маргинализирана позиција, тие се приклучуваат на платформи, дури и кога не им се допаѓаат или не се согласуваат со сите услови, бидејќи би ризикувале да изгубат средства за егзистенција.

Европската алијанса за правата на сексуалните работници во публикацијата „Услови, контрола и согласност: истражување на ефектот од платформизација на сексуалната работа“[25] ги мапира следните проблеми и ризици од платформската сексуална работа: 1. непранспарентност од страна на платформите кои податоци се собираат на кој начин се чуваат и користат, 2. непреземање мерки за спречување и заштита од сексуална злоупотреба преку визуелен материјал, 3. полоши услови на платформите во земји каде сексуалната работа е криминализирана, 4. недостаток на агенс на сексуалните работници сфатен како контрола над работни услови и практики и можност да се изрази несогласување за да се создаде промена на сопствената ситуација, 5. немање пристапни и транспарентни постапки за жалба во случај на затворање, блокирање на профили, одземање на средства и сл., 6. немање механизми за заштита од насилство и злоупотреба (пр. пријавување на проблеми со клиенти и споделување инфомации за нив) и 7. проблеми со плаќањето (дискриминација на сексуални работници од страна на платформи за онлајн плаќање).

Декриминализацијата на сексуалната работа е клучна за да се унапредат и условите за работа на платформите. Моќта на сексуалните работници во однос на работодавачите и/или други трети страни инволвирани во сексуалната индустрија се зголемува во услови на декриминализација, со што се дава можност синдикално да се организаираат, да се залагаат за подобри услови, а државата да ги штити и промовира работничките права. Во повеќето земји имаме закони со кои се криминализираат третите страни (макроа и други субјекти) вклучени во сексуална работа, со што платформите можат да бидат обвинети за посредување или промовирање проституција. Оваа состојба превенира платформите транспарентно да означат дека служат за посредување во сексуална работа, да објавуваат информации за безбедност и заштита на здравјето при работа и да воведуваат технологии за унапредување на истото. При декриминализација, државите можат да им наметнат обврски на платформите за објавување на вакви информации и воведување технологии за безбедност, како на пример забрана за зачувување на сексуални содржини, простори за комуникација помеѓу сексуални работници за споделување на искуства со клиенти, информации за клиенти за почитување на принципот на согласност итн. Со декриминализацијата ќе се надминат и проблемите со онлајн плаќањата. Европската алијанса за права на сексуални работници извести за прак-

25 Ibid 23.

тиките на замрзнување финансиски средства на сексуални работници или исклучување на нивните профили од страна на најголемите сервиси за онлајн плаќање како ПејПал, МастерКард и Виза, со што директно се втурнуваат во сиромаштија и во небезбедни услови за работа[26]. Ваквите практики на овие компании би биле нелегални и дискриминаторски доколку сексуалната работа се декриминализира.

## 3.5. Слобода на говор и здружување

Забраните за промоција и посредување проституција или трговија со луѓе како резултат од штетното мешање на двата поими, резултираат со ограничување на слободата на изразување и здружување онлајн на сексуалните работници. Во оваа област, највидливи се проблемите со социјалните мрежи. Клучна тема во оваа област е модерирањето содржини од страна на социјалните мрежи, што отвара бројни прашања и етички дилеми. Модерирањето на содржини најчесто се случува со помош на алгоритми, што само по себе е проблематично бидејќи различни зборови можат да бидат употребени во различни контексти. Модерирањето на содржини е уредување на слободата на изразување како клучно право во демократските општества, а платформите треба да инвестираат во оваа област и да обезбедат добро обучени и сензитивни вработени да ја модерираат содржината, покрај алгоритмите. Од една страна, модерирањето содржини не треба да доведе до цензура и ограничување на слободата на говорот, а од друга, не смее да се дозволи ширење на екстремистички идеи, говор на омраза, детска порнографија итн. Но, кога се во прашање сексуалните работници фактичката состојбата е обратна. Социјалните мрежи ги цензурираат, а дозволуваат ширење на (цис)сексистички, трансфобични, расистички и хомофобични ставови. На социјалните мрежи (пр. Твитер- ИКС) самиот збор „sex work" може да биде предмет на цензура, како и фотографии поврзани со промоција на сексуалната работа како работа[27]. Истражувањата на ЕСВА покажуваат дека сексуалните работници се непропорционално повеќе цензурирани од забраната за објавување содржини со голотија, односно опстојување на двојни стандарди[28]. Сексуалните работници изјавуваат дека нивните фотографии на кои немало експлицитна голотија биле цензурирани, додека фотографии кои содржат и повеќе голотија, но не се објавени од страна на сексуални работници не се предмет на цензура. „Додека сексуалните работници се забранети поради откривање информации за сексуалната работа или објавување содржини со голотија, случаи на родово насилство, како што се закани за силување кон сексуалните работници поминуваат неказнето"[29]. Социјалните мрежи користат алгоритми и за популаризирање на содржини, така што содржините во врска со сексуалната работа, дури и да не се цензурирани, нема да постигнат соодветна видливост.

Член 10 од ЕКЧП ја гарантира слободата на изразување на секој човек. „Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите".[30]

---

26 Ibid 23, 12.
27 Податок од фокус група.
28 "The Impact of Online Censorship and Digital Discrimination on Sex Workers", ESWA, 2022, 8.
29 Ibid.
30 Член 10 став 1 ЕКЧП.

Слободата на изразување може да биде ограничена во едно демократско општество како мерка неопходна за државната безбедност, јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите итн.[31] При оцена на дозволеноста на ограничувањето се применува принципот на пропорционалност. Но, дури и при примената на принципот на пропорционалност, „неопходно е човековите права да ни останат во фокусот, бидејќи нивното обезвреднување е многу веројатно доколку во преден план ги имаме интересите изразени со ограничувањето. Непрецизно и широкото дефинирање на поимите јавен интерес, национална безбедност, здравје, морал и права на другите е ризик за ефективната заштита на човековите права. Моралот како причина за ограничување е можеби најспорен концепт, доколку земеме предвид дека во плурално општество постојат различни поимања за неговата содржина и значење“.[32] Јавниот интерес многу често во праксата се изедначува со интересот на мнозинството“.[33] Доколку властите се придржуваат до ваквото поимање на јавниот интерес или на моралот се ризикува да се ограничи слободата на изразување на сите маргинализирани групи. Токму поради релативноста на поимот морал, ЕСЧП има пракса да дава голема маргина на дискреција на државните власти како најдобро позиционирани да оценат што значи повреда на моралот во одреден контекст. Но сепак, за да се избегне арбитрарност, Судот дава насоки на земјите дека треба да докажат дека постои реална, а не само претпоставена, штета на моралот[34]. Оттука, од страна на властите промоцијата на сексуалната работа како работа може лесно да се ограничи како спротивна на моралот или јавниот интерес. ЕСЧП во многу наврати нагласил дека слободата на изразување е „една од суштествените основи на едно демократско општество, основен услов за негов напредок и за самореализирање на секој поединец“.[35] Членот 10 ги штити информациите и идеите кои ја „шокираат, навредуваат или вознемируваат државата или кој било дел од населението,“[36] со неа треба да се обезбеди плуралност, а не конформизам и едноумие. Оттука, промоцијата на сексуланта работа како работа, барањата за декриминализација како единствен модел заснован на достоинството и човековите права, претставуваат прогресивни идеи кои се заштитени со слободата на изразување и не смеат да бидат ограничени поради релативни концепти како морал и јавен интерес. Напротив, промовирањето на човековите права на сексуалните работници, не само што не смее да биде ограничено, туку тоа треба да преставува обврска за државите.

Слободата на изразување ја вклучува слободата да се примат информации и идеи и правото на пристап до информации. Поради цензурата на содржини поврзани со сексуална работа онлајн, и овој аспект на слободата на изразување на сексуалните работници е ограничена. Со затворање на страници на здруженија на сексуални работници, отстранување на содржини поврзани со сексуална работ-

31 Член 10 став 2 ЕКЧП.

32 Дрндаревска, Д., „Стандардите на европското право за спречување и заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“, 2019, 76.

33 Tsakyrakis, S., “Proportionality: An Assault on Human Rights?”, International Journal of Constitutional Law, 7(3), 468–493.

34 Bychawska-Siniarska, D., “Protecting the Right to Freedom of Expression, A Handbook for Legal Practitioners”, Council of Europe, 2017, 62.

35 Thoma v. Luxembourg, 2001; Maronek v. Slovakia, 2001; Dichand and Others v. Austria, 2002 and other.

36 I.A. v. Turkey, 2005.

та се превенира пристапот до содржини за човекови права, безбедност и заштита на здравјето, информации за препознавање и превенција на родово засновано насилство и информации за каде да се пријави и како да се пристапи до правни, социјални и здравствени услуги. Оттука, морализаторските политики кои ја изедначуваат сексуалната работа со трговијата со луѓе и сексуалната експлоатација или ја криминализираат сексуалната работа, директно влијаат на пристапот до информации засновани на докази на сексуалните работници.

Онлајн цензурата го повредува и правото на здружување на сексуалните работници онлајн и делувањето на нивните здруженија и други здруженија кои ги штитат правата на сексуалните работници. Здружувањето на сексуалните работници е исклучително важно за нивната безбедност и добросостојба, но и за политичкото организирање за артикулирање на барања за декриминализација и почитување на правата. Во истражувањето на ESWA[37] се истакнува проблемот на недостаток на транспарентност при отстранувањето на содржини и блокирањето на профили, неефикасност на постапките за жалба, а во некои случаи и немање можност за жалба. За сексуалните работници отстранувањето на профилот може да значи и губење на контакт со клиентите, со што се загрозува нивната егзистеницја, но и губење контакт со мрежите за поддршка. Здруженијата на сексуалните работници одвојуваат значителни ресурси за да ги изградат онлајн профилите на социјалните мрежи, а многу често преку нив комуницираат со заедницата и објавуваат важни информации за безбедност и за политичко организирање. Притоа, овие здруженија се најчесто мали и не располагаат со големи ресурси, со што губењето на нивните профили има големо негативно влијание во практикувањето на слободата на здружување и изразување.

Заштитата од говор на омраза и од говор со кој се поттикнува насилство се дел од слободата на изразување, т.е. тие не спаѓаат во категоријата на заштитен говор. Под говор кој поттикнува насилство се подразбира говор со кој намерно и директно се користат зборови со кои се повикува на насилство, (како на пример повик за силување, истребување, тепање, убивање на ЛГБТИ, транс жени, сексуални работници и слично) или говор од кој постои реална опасност да предизвика офлајн насилство (на пример, повик да се истепа или нападне конкретна личност или организација). Под забраната за говор на омраза се подразбира и говор кој содржи сериозни клевети, навреди засновани на предрасуди, дури и кога нема директен повик за насилство[38], особено кон малцински заедници. Пресудата Вејдланд и други против Шведска е најзначајна пресуда во однос на хомофобичниот и трансфобичниот говор, со која Судот одлучи да не го заштити говорот со кој ЛГБТИ лицата беа претставени за неморални, штетни за општеството и преносители на ХИВ. Значајно прашање е одговорноста за сожина генерирана од корисници. Во случајот Делфи против Естонија,[39] Судот утврди дека онлајн медиумите се одговорни за говорот на омраза објавен во коментари на нивните содржини.

Од заштитата на слободата на изразување, особено се изземени негирањето на Холокаусотот и референците на нацистичка идеологија, кои често се користат во говорот на омраза против родовите и сексуалните малцинства. Отту-

37 “The Impact of Online Censorship and Digital Discrimination on Sex Workers”, ESWA, 2022, 17.
38 Vejdeland and Others v. Sweden, 2012.
39 Delfi v. Estonia, 2015.

ка, говор како „само Хитлер за вас" треба да биде построго санкциониран и криминализиран.

Освен практиката на ЕСЧП, Советот на Европа, односно Комитетот на министри во повеќе препораки се осврнува на проблемот со говорот на омраза и бара сеопфатни мерки за превенција и заштита, и тоа од повеќе области. Во 2022 година, Комитетот на министри донесе нова препорака[40] за борба против говор на омраза. Дел од клучните препораки во однос на правната рамка за говор на омраза онлајн, важни за оваа анализа се: 1. донесување јасни и предвидливи одредби за брзо и ефективно отстранување на говорот на омраза на Интернет што е забранет според кривичното, граѓанското или управното право, 2. дефинирање и разграничување на улогите и одговорностите на Интернет посредниците, должностите и одговорностите на државните и недржавните актери во решавањето на онлајн говор на омраза и создадавање јасни правила и процедури за ефикасна соработка со и помеѓу тие актери во однос на проценката и истрагата на говорот на омраза на Интернет, 3. воспоставување механизми за пријавување случаи на говор на омраза преку Интернет до јавните власти и приватните актери, вклучително и посредниците на Интернет и јасни правила за обработка на таквите извештаи, 4. Интернет посредниците да им го гарантираат правото на корисниците на ефективен правен лек преку транспарентен надзор и навремени, достапни и правични механизми за жалба, кои на крајот се предмет на независна судска ревизија, 5. утврдување со закон на должности на Интернет посредниците за брза обработка на пријавите за говор на омраза, отстранување на говор на омраза без одлагање, почитување на барањата за приватност и заштита на податоците, обезбедување докази во врска со говорот на омраза забранет со кривичното право, доставување до органите на прогонот, врз основа на наредба од надлежен орган, докази за криминален говор на омраза и други, 6. утврдување со закон на обврска на Интернет посредниците да им дадат на корисниците кратко и прецизно објаснување за причините за нивната одлука да го блокираат, отстранат или одвратат говорот на омраза или да не го сторат тоа и 7. обврска за откривање на информации за претплатниците во случаи кога надлежните органи процениле дека говорот на омраза на Интернет го прекршува законот.

Од инструментите на Советот на Европа, значајна во областа на кривичниот прогон на говорот на омраза е т.н. Будимпештанска конвенција или Конвенцијата за киберкриминал на Советот на Европа[41] од 2001 година и Дополнителниот протокол за криминализација на дела од расистичка и ксенофобна природа извршени преку компјутерски системи[42] од 2003 година. Овие инструменти се основа за меѓународна соработка за ефикасно спречување и гонење на говор на омраза сторен преку комјутерски систем.

Европската Унија има најопрогресивно законодавство во оваа област, особено со донесување на Актот за дигитални услуги[43] во 2022 година. Бидејќи стану-

---

40 Recommendation CM/Rec(2022)16 of the Committee of Ministers to Member States on Combating Hate Speech (Adopted by the Committee of Ministers on 20 May 2022 at the 132nd Session of the Committee of Ministers)

41 Convention on Cybercrime (ETS No. 185), Council of Europe, 2001.

42 Additional Protocol to the Convention on Cybercrime, Concerning the Criminalisation of Acts of a Racist and Xenophobic Nature Committed Through Computer Systems, Council of Europe, no 189, 2003

43 Regulation (EU) 2022/2065 of the European Parliament and of the Council of 19 October 2022 on a Single Market For Digital Services and Amending Directive 2000/31/EC (Digital Services Act)

ва збор за нов инструмент, ефектите од неговото спроведување доправа треба да се следат и анализираат. Со Актот за дигитални услуги се наметнува поголема одговорност за Интернет посредниците, пребарувачите, платформите и социјалните мрежи за говорот на омраза и другите прекршувања на човековите права, како обврска за јасни системи за известување и дејствување, приоритетен третман на известувањата од укажувачите од доверба, повратни информации по пријавите од корисниците и широки обврски во однос на транспарентноста[44]. Актот предвидува обврски и во однос на спречување дезинфомрации и содржини кои имаат ефекти кон родово заснованото насилство. Врз основа на Актот, Европската комисија може да иницира постапки за повреда на обврските од Актот од страна на платформите и да изрече казни во висина од максимум 6% од годишниот приход на светско ниво.[45]

Состојбите со онлајн медиумите се исто така клучни за заштита од говор на омраза, почитување на достоинството и приватноста на сексуалните работници. Онлајн медиумите не се на ист начин регулирани како традиционалните медиуми, а во некои земји нема никаква регулација (на пример, Северна Македонија). Оттука, говорот на омраза, повредите на приватноста, сензационалистичко и пропагандистичко известување во врска со сексуалната работа и останатите поврзани теми како родова еднаквост, транс права, ХИВ и слично, се присутни на онлајн медиумите. Онлајн медиумите се опфатени со горespоменатите инстументи, но освен регулација со кривично-правна материја, работењето на овие медиуми треба да биде регулирано со граѓански закони и да биде предмет на саморегулација.

Во последната деценија низ цела Европа се мобилизираат анти-демократски движења,[46] чии актери се клучни креатори на содржини со говор на омраза, насочени против сексуалните права, родовата еднаквост, а особено против правата на трансродовите луѓе. Овие содржини се воглавно застапени на социјалните мрежи, но и онлајн медиумите и традиционалните медиуми ги пренесуваат нивните пораки без нужно да ги означат или врамат како говор на омраза, дезинформации или пропагандистички говор. Една од клучните стратегии на анти-демократските движења е застапувањето на меѓународно и регионално ниво, каде активно се организираат за зачувување на статус квото или негирање и намалување на веќе прифатени меѓународни стандарди. Овие движења претставуваат и закана за сексуалните работници чија добросостојба директно зависи од степенот на почитување на родовата еднаквост, сексуалните и репродуктивни права и правата на транс луѓето.

---

44 Михајлова Стратилати, Е., „Анализа на законската рамка на Северна Македонија за регулирање на говорот на омраза“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023.

45 Европската комисија иницираше ваква постапка против Твитер (Икс) во 2023 година.

46 Интернационално или транснационално движење, т.е. организирана форма на дејствување кое обединува различни актери против родова еднаквост, сексуални и репродуктивни права и здравје, ЛГБТИ права. Можат да се сретнат и како анти-родови или анти-феминистички движења.

# 4. НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ: УСЛОВИ И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ДИГИТАЛНАТА СЕКСУАЛНА РАБОТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Северна Македонија сè уште не е доволно дигитализирано општество. Услугите од приватниот, а уште помалку од јавниот сектор, не се доволно дигитализирани. Исто така, не постои широка употреба на алгоритмичко и автоматизирано донесување одлуки, користење на алгоритми во технологии за надзор, датафикација и техносолуционизам, од каде не постои ниту свесност од ризиците кои овие технологии можат да ги донесат за човековите права и еднаквоста на граѓаните. Дигиталната писменост на населението не е на високо ниво, во образованието нема формални програми за дигитална писменост со исклучок на едукативните активности на здруженија на граѓани и на Агенцијата за заштита на лични податоци. Законодавството во областа се развива преку потребата од усогласување со правото на ЕУ и инструментите на Советот на Европа, а многу области сè уште не се доволно регулирани. За унапредување на дигиталните права и дигиталната безбедност најзначајна е меѓународната соработка и спроведувањето на европските стандарди, особено за мали земји како Северна Македонија, кои се немоќни да наметнат правила над работењето на мултинационалните компании кои го контролираат дигиталниот простор. Оттука, Северна Македонија треба да ги следи трендовите, да вложува во своите капацитети, да ги вклучува граѓаните и маргинализираните заедници во донесувањето одлуки и да ги вмрежува своите институции на меѓународно и регионално ниво. Прашањето на дигиталните права на сексуалните работници до сега не било отворено, со исклучок на активности за зајакнување на дигиталната писменост на маргинализираните заедници.[47] Оттука, оваа анализа е првиот чекор кон посистематско отворање на ова прашање.

Сексуалните работници во Северна Македонија ги користат комуникациските технологии за рекламирање и давање сексуални услуги континуирано со нивниот развој. Од рекламирањето на сексуалните услуги во печатените весници, заклучно со 90-тите, се отвораат и првите „жешки линии“ за сексуални услуги по телефон, а потоа почнуваат да се користат и првите платформи за директна онлјан комуникација, како Мирц. Од рекламирање сексуални услуги во делот на „огласи“ во печатените медиуми, сексуалните работници почнуваат да ги рекламираат своите услуги на онлајн огласниците, а потоа ги користат и платформите за рекламирање сексуални услуги, социјалните мрежи, апликациите за директа комуникација и сајтовите со порнографска содржина.

СТАР-СТАР, Здружение на заедницата на сексуални работници, воглавно опфаќа сексуални работници кои работат на затворена сцена и делумно на отворена сцена. ХОПС, Здружение кое дава услуги и се застапува за декриминали-

47 Коалиција Маргини во 2022 спроведе обуки со ЛГБТИ и сексуални работници за дигитална писменост и дигитална безбедност.

зација и унапредување на правата на сексуалните работници работи со сексуални работници на отворена и делумно на затворена сцена. Коалиција Маргини, воглавно работи на застапување, правна помош и психо-социјално советување, а комуницира со сексуалните работници преку СТАР-СТАР и ХОПС. На локално ниво функционираат пет програми[48] за превенција од ХИВ за сексуални работници во рамки на здруженија на граѓани, кои исто така работат со сексуални работници од отворена и затворена сцена.

Сексуалните работници кои се дел од СТАР-СТАР, воглавно го користат дигиталниот простор за рекламирање услуги и комуникација со клиенти за договарање сексуални услуги кои ги даваат во живо.[49] Ова не значи дека нема сексуални работници од Северна Македонија кои и нудат и даваат сексуални услуги онлајн (како работа на веб камери во живо, давање услуги на платформи засновани на претплата и слично), но здруженијата немаат пристап до нив. Претпоставуваат дека ова се сексуални работници кои работат само онлајн и не се идентификуваат со традиционалното поимање на сексуалната работа, па оттука не бараат услуги и помош од здруженија. Од друга страна, услугите и програмите на СТАР-СТАР и ХОПС се дизајнирани за да ги пресретнат потребите на сексуалните работници кои даваат услуги во живо. Граѓанскиот сектор кој работи со сексуални работници и се застапува за унапредување на нивните права, првично ги развива програмите за сексуални работници во рамки на Програмата за превенција од ХИВ, од каде активностите се насочени кон сексуални работници кои имаат контакти со клиенти во живо. Оттука, сексуалните работници кои работат исклучиво онлајн не се опфатени од нити едно здружение, ниту се самоорганизирани. До сега, не е направено истражување помеѓу сексуалните работници за нивните потреби и проблеми онлајн. Во „Анализата на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија" од 2017 година е наведено дека "најголем дел од интервјуираните сексуални работници, дури и тие кои работат и на отворена сцена, односно дури 60 % одговориле дека работата, односно договарањето за сексуални услуги со клиентите најчесто го прават по телефон или на Интернет."[50] Од искуствата на организациите, ова е ситуација од последниве 5 до 7 години кога мобилните телефони и Интернетот им станаа подостапни на сексуалните работници. Пред тоа за пронаоѓање и договорање на клиенти повеќето сексуални работници мораа да излезат на отворено, да соработуваат со посредници или да ги огласат своите услуги преку јавен оглас. Со развојот на комуникациските технологии сексуалните работници го менуваат начинот на работа, така што сè помалку се достапни на програмите за поддршка, што придонесува до зголемен ризик по нивното здравје и безбедност."[51] Оттука, во оваа анализа ќе бидат разгледувани проблемите со прекршување на правата со

48 Во РСМ постојат вкупно седум програми за превенција од ХИВ за сексуални работници, две во Скопје и пет во други градови: Битола, Охрид, Струмица, Гевгелија и Гостивар.

49 Податоци од фокус група.

50 Штерјова- Симоновиќ, Х., Бошкова, Н., „Анализата на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија", ХОПС, 2017, 14.

51 Ibid.

кои се соочуваат сексуалните работници во Северна Македонија кои нудат и/или рекламираат услуги онлајн.

Податоци за повреди на правата на сексуалните работници онлајн се достапни преку работата на здруженијата и Програмата за документирање случаи на Коалиција Маргини, каде до сега се документирале повеќе случаи на повреди на правата на сексуалните работници во дигиталната сфера, воглавно повреда на приватноста и дигитално родово засновано насилство.

Клучни теми во врска со онлајн сексуалната работа во Северна Макеоднија кои ќе се анализираат низ следните поглавја се: 1. криминализација на сексуална работа, 2. услови за нудење сексуални услуги онлајн, 3. дигитално родово засновано насилство, 4. заштита на лични податоци и 5. слобода на изразување.

## 4.1. Криминализација на сексуалната работа. Последици врз правата на сексуалните работници и пристапот до правда

Во овој дел ќе биде опишана правната рамка во која се одвива сексуалната работа во Северна Македонија, чија клучна карактеристика е криминализацијата. Занимавањето со сексуална работа, т.н. „оддавање на проституција“ е прекршок на јавниот ред и мир согласно Член 19,[52] од каде произлегува дека само сексуалните работници кои работат на отворено би можеле да бидат казнети за ова дело. Но, со Членот се казнува и ставањето на располагање простории за вршење проституција, со што се казнуваат и сексуалните работници кои работат на затворено. Со Ставот 2 се предвидува казнување правни лица кои управуваат со угостителски објекти во кои се врши проституција. Со измените на законот од 2022 година, како дел од генералната политика на намалување на висината на глобите, се намалува и глобата во Член 19. Оддавањето на проституција и ставањето на располагање простории се казнува со 100 до 250 евра, а за правните лица кои управуваат угостителски објекти сумите градираат согласно големината на правното лице.

Согласно податоците на здруженијата кои работат со сексуални работници прекршокот од Член 19 се користи и за казнување сексуални работници кои работат на затворено, односно „независно од тоа дали сексуалната работа се одвива на затворено или отворено“.[53] Санкционирањето на оние кои изнајмуваат станови на сексуални работници влијае на правото на домување на сексуалните работници. По дознавањето дека се занимаваат со сексуална работа, сопствениците на станови ги прекинуваат договорите за закуп.[54]

Кривичниот закон го криминализира „посредувањето во вршење проституција“ во Член 191. Во Ставот 1 се криминализираат дејствата на врбување, наведување, поттикнување или намамување на лице на проституција, а во Ставот 2 се криминализира овозможувањето на друг да користи сексуални услуги заради заработувачка. Посредувачите во сексуалната работа се дел од сексуалната индустрија и нивната криминализација сама по себе негативно влијае на безбедноста и правата на сексуалните работници. Не е спорно дека употребата на сила, закана, принуда треба да се криминализираат и тие претставуваат граница со која се

52 Член 19, Закон за прекршоците на јавниот ред и мир, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/07 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22)

53 Ibid 49, 9.

54 Ова се случи по објавување на емицијата „Во Центар“ со Васко Ефтов, „Проституцијата во Макеоднија“.

разликува сексуалната работа од сексуалната експлоатација, но широкото дефинирање на дејства кои се предмет на криминализација во Член 191, остава можност за кривичен прогон и на сексуални работници за посредување, особено со Ставот 2. Во пракса, сексуалните работници често работат заедно во еден стан, од безбедносни и финансиски причини. Во неколку случаи, сексуалниот работник во чија сопственост бил станот или кој го изнајмувал е санкциониран за посредување во вршење проституција, без разлика што сите доброволно се занимавале со сексуална работа.55

Членот 205 го криминализира пренесувањето заразни болести преку сексуален пат. Иако сексуалната работа директно не се криминализира, Членот беше искористен за кривичен прогон на сексуални работници и тоа за претпоставено пренесување заразни болести во сензационалистичката акција „Сузбивање на улична проституција". Кондомите кои беа пронајдени кај нив и позитивните резулати на Хепатит од присилното тестирање беа искористени како докази во постапката, во која немаше оштетени. ЕСЧП утврди повреда на забраната за мачење и на правото на приватност на сексуалните работници во овој случај.[56]

Националните политики со кои се криминализира сексуалната работа најчесто значат мешање на сексуалната работа со сексуалната експлоатација и трговијата со луѓе, бидејќи не се препознава сексуалната работа како доброволно занимање. Оттука, на сексуалната работа се гледа исклучиво како на кривично-правен проблем и таа не се уредува од аспект на труд и социјална политика. Во политиките за трговија со луѓе се препознава сексуалната експлоатација, но не е јасно до која мера се прави разлика помеѓу сексуална експлоатација и трговија со луѓе заради сексуална експлоатација. Од овие поими се разликува сексуалната работа, која е доброволна, но во чии рамки може да се случи сексуално насилство и експлоатација, токму поради небезбедните услови кои ги овозможува недостатокот од декриминализација. Анализите на ХОПС бележат извесно унапредување на законската рамка, но не и во постапувањето на институциите. „Укинувањето на одредбата со која се казнува присилата и заканата во вршењето проституција доведе до елиминирање на правната можност за мешање на овие две појави, но начинот на кој институциите постапуваат кон трговијата со луѓе и проституцијата покажува дека третманот не е променет[57]", Во истата анализа се критикуваат и документите „Формулар за идентификација на жртви на трговија со луѓе"[58] и „Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе"[59], со чија примена во пракса сексуалните работници можат да се изедначат со жртви на трговија со луѓе. „Уште позбунувачки се повеќе индикатори наведени во Прирачникот за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи, на пример: „сместување на група за кое плаќа едно лице", „голем број кондоми", „жени со многу малку облека", „голем дел од облеката што ја имаат е сексапилна" и слично.[60]

Криминализацијата нужно значи и немање пристап до механизми за заштита на правата во случај кога тие ќе бидат повредени. Во анализата на ХОПС се

55 Бошкова, Н., Цековски, И., „Влијанието на политиките за трговија со луѓе врз сексуалните работници во Република Северна Македонија", ХОПС, 2020, 55.

56 Case of D.H. and Others v. North Macedonia (Application no. 44033/17), 2023.

57 Ibid 53, 63.

58 Влада на Република Македонија, Стандардни оперативни процедури на постапување со жртви на трговија со луѓе, 2018.

59 Индикатори за идентификација на жртви со трговија со луѓе, МТСП, 2014 г.

60 Ibid, 35.

споменува илустративен случај што добро го отсликува третманот на сексуалната работа од страна на органите за прогон. „Имено, станува збор за случај на заедничко живеење и користење стан за давање сексуални услуги на повеќе жени со заемен договор. Всушност, осудената е таа што го изнајмува станот, а во него живеат и работат вкупно четири жени, вклучувајќи ја и осудената. Критичниот ден кога е откриено кривичното дело Посредување во вршење проституција, во станот на осудената и оштетените влегле две маскирани лица, ги нападнале и ги ограбиле со закана со нож, а дел од нив биле и повредени од нападот. Жените го пријавиле случајот и повикале полиција, а откако биле сослушани сите поединечно, едната од нив, жената која го закупила станот, е обвинета за Посредување во вршење проституција, а другите станарки се повикани за сведоци во текот на постапката. Против обвинетата е покрената кривична постапка и осудена е на една година затвор што сексуалната работничка ја изврши, но до денес не е преземено дејство за откривање и казнување на сторителите на кривичното дело Разбојништво со кое беа ограбени и повредени жените кои доброволно даваа сексуални услуги за пари во заеднички стан“.

Афирмативни политики кон сексуалните работници има само во здравствениот сектор во националните стратегии и програми за превенција од ХИВ.[61] Овие политики опстојуваат веќе 20 години, даваат добри резултати и овозможија здружување и политичко организирање на сексуалните работници. Во овии документи се користи афирмативниот термин „сексуална работа“. Оттука, јавно-здравствените политики за превенција од ХИВ помеѓу сексуални работници се контрадикторни со криминализацијата на сексуалната работа. На пример, една институција дели бесплатни кондоми, а друга ги искористи кондомите како доказ во постапка за кривичен прогон на сексуалните работници (како во акцијата „Сузбивање улична проституција“). Пристапот заснован на човекови права од секторот здравство не успеа да се прелее во другите сектори, со што оваа област останува изолирана во својот афирмативен однос кон сексуалната работа.

Напредок е постигнат со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, во кој сексуалните работници се препознаени како ранливи жени - се употребува терминот „сексуални работници“ и од органите при постапувањето во случаите на родово засновано насилство се бара при преземањето мерки и активности да ја земат предвид ранливата положба. Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција 2018-2023[62] содржи мерки за унапредување на заштитата од насилство кон сексуалните работници, како и укинување на одредбите со кои се казнува сексуалната работа. Реализацијата на оваа мерка е во измените на Член 19 од Законот за прекршоците на јавниот ред и мир, што беше предвидено за 2019 година, но реализацијата не е ниту започната.

Криминализацијата има негативно влијание врз правата на сексуалните работници и во дигиталниот простор. Негативните ефекти на криминализацијата како ранливоста на насилство, стигма, дискриминација и повреда на приватност се прелеваат во дигиталната сфера. Проблемите со клиентите, како неплаќањето за услугата, сексуална злоупотреба, непочитување на договорот на видот на услугата, заканите и уцените, се дополнително овозможени од онлјан алатките. Слабите

61 Програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија, која се објавува секоја година.

62 Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023.

капацитети на институциите да одговорат на случаите на дигитално родово засновано насилство и други видови електорнски криминал, непропорционално негативно влијаат на заштитата на дигиталните права и дигиталната безбедност на сексуалните работници бидејќи тие се поизложени на ризици. За сексуалните работници правдата е и онака непристапна бидејќи стравот од казна ги одвраќа од пријавување и на случаи на повреди на права во онлајн просторот во полиција и други органи.

## 4.2. Услови за нудење сексуални услуги онлајн

Сексуалните работници во Северна Македонија користат платформи за рекламирање на ескорт услуги (како на пример, cityoflove.com[63], atlaseskorts.com[64], eurogirlseskort.com[65]) и огласници (reklama5.mk, vipmarket5.mk). Поретко користат страници со порнографски содржини каде објавуваат видеа и броеви за контакт. Социјалните мрежи и апликациите за директни разговори ги користат за комуникација со клиенти.

### 4.2.1. Платформи за рекламирање на ескорт услуги

Сите три платформи се регистрирани во Европа, и тоа Шпанија, Холандија и Чешка, во земји каде сексуалната работа е легализирана. Само кај eurogirlseskort.com е експлицитно наведено дека се платформа регистирана како компанија во Република Чешка. Сите овие платформи служат за огласување услуги на глобално ниво (со исклучок на САД кај cityoflove и eurogirlsescort поради SESTA/FOSTA). На овие платформи сексуалните работници можат да нудат, односно рекламираат сексуални услуги и директно да комуницираат со клиенти. Atlaseskorts и Eurogirlseskorts ги поврзуваат сексуалните работници и клиентите и со други веб страници на кои се даваат и/или нудат други видови сексуални услуги, како камери и разговори во живо.

Правилата и условите за користење на платформите претставуваат договор помеѓу корисниците (секусални работници и/или клиенти) и платформрата. Ниту една од овие платформи не е достапна на македонски или албански јазик, а cityoflove е достапна исклучиво само на англиски јазик. Ова претставува сериозна бариера, така што можеме да претпоставиме дека голем дел од сексуалните работници во Северна Македонија не знаат и не би можеле да знаат на што се согласуваат. Платформите не се дизајнирани на начин на кој правилата и условите за користење се соодветно промовирани и полесно достапни. Правилата и условите за користење и политиките за приватност не се дел од главните менија на платформите, туку се поставени на дното на веб страниците со помал фонт. Освен барањето да се означи полето дека се согласувате со правилата и условите, платформите не прават други напори да ги промовираат и да се осигураат дека корисниците ги читаат и разбираат правилата и условите.

Кај сите платформи за рекламирање на ескорт услуги кои ги користат сексуалните работници во Северна Македонија, најнапред е видлив дисбалансот на по-

63 https://cityoflove.com/
64 https://mk.atlasescorts.com/
65 https://www.eurogirlsescort.com/

датоци кои се бараат од сексуалните работници, наспроти клиентите. Клиентите не мора да се регистрираат за да ги гледаат огласите во целост, туку само доколку сакаат да оставаат рецензии (review) и да ставаат на т.н. црна листа (eurogirlseskort.com). Дури и ако се регистрираат и оставаат препораки/рецензии, видливо е само името под кое се регистрирале и ниту еден друг податок. На платформите има опција клиентите да пријават злоупотреба преку посебно копче „report abuse" достапно под секој профил на сексуален работник, а ваква опција нема за сексуалните работници да ги пријават клиентите. На eurogilseskort клиентите имаат копче „report fake" под секој профил. Во политиките не е наведено дека сексуалните работници ќе бидат исконтактирани за да се произнесат по пријавите или пак дека имаат право на жалба ако профилот или рекламата бидат отстранети. Платформите не нудат посебни делови каде сексуалните работници можат да контактираат со платформата. Електронските адреси на кои можат да стапат во контакт се наведени во политиките за приватност и условите за користење. Atlaseskorts и eurogirlsescorts имаат објавено само по една електронска адреса, а cityoflove има оставено повеќе адреси за различни намени и формулар за барања поврзани со личните податоци. Но, ниту една платформа во политиките и условите не им се обраќа на сексуалните работници со инструкции да пријават каква било злоупотреба од клиенти. Платформите бараат да бидат исконтактирани во случај на содржини на малолетници, пријавување од страна на клиенти на лажни профили, невистинити информации, измама, поврат на уплатени средства и слично.

Со исклучок на платформата eurogirlseskort.com, на другите нема можност да се објават податоци за клиенти со кои сексуалните работници имале лоши искуства. Во менито на „црната листа" има можност да се пребаруваат електронски адреси и телефони што е корисна алатка за сексуалните работници да ги проверат клиентите со кои договараат средби. Секако, и клиентите имаат опција да ставаат сексуални работници на „црната листа". Клиентите можат да оставаат и рецензии (reviews) и да ги оценуваат сексуалните работници, а ваква можност нема за клиентите, кои не мора да направат ниту профили за да ги гледаат огласите во целост. На платформите барањето на сексуалните работници однапред да се плати за услуга се смета за измама. Па така, на црната листа се ставени сексуални работници само затоа што ова го побарале. На платформата eurogirlseskort во условите за користење и под секој профил со црвен извичник е означена пораката „НИКОГАШ не плаќајте однапред на никого преку Gift/Bing картичка, Transcash, Neosurf/PCS купони, Google Play card итн. Тие се измамници. Ве молиме пријавете ни такви профили! Препорачуваме да резервирате верификувани придружници, за кои е многу мала веројатноста да бидат измамници". Ваква порака нема за сексуалните работници во однос на неплаќањето од страна на клиентите, т.е. платформата не ја интересира ако клиент не плати и нема да преземе ништо против таквите корисници. Преку советувањето на клиентите да не плаќаат однапред и означување на сексуалните работници кои тоа го бараат како измамници, платформата директно влијае на економската нестабилсност на сексуалните работници. На платформите не можат да се најдат информации за безбедност на сексуалните работници, како совети за сексуално и репродуктивно здравје, користење кондом, како да препознаат измами или намера за насилство и сексуална експлатација. На eurogirlsescort, дури и советите за препознавање на трговија со луѓе се наменети за клиенти, како тие да препознаат дека лице договорено за средба е жртва на трговија за сексуална експлоатација, додека нема совети и насоки за

жртви како да се препознаат и избегнат ризиците од трговија со луѓе или сексуална експлоатација.

Од горенаведено може да се заклучи дека платформите се дизајнирани согласно потребите на клиентите на сексуалните работници, ги пресретнуваат нивните потреби и ним им се обраќаат. Судејќи од текстот и дизајнот на платформите, тие ги третираат сексуалните работници како лица без агенс (автономија на дејствување), не комуницираат на директен начин и не ги интересираат нивните потреби и мислење.

Податоците кои сексуалните работници од Северна Макеоднија ги објавуваат на платформите за рекламирање ескорт услуги вклучуваат: лични фотографии, многу често и со лик, видеа, податоци за услугите кои ги нудат, цените, телефонски броеви, WhatsApp, Viber, електронски адреси, но споделуваат и други информации согласно барањата на платформата (како на пример, возраст, етничко потекло, сексуална ориетација, град, боја на коса, боја на очи, големина на гради, информации за тетоважи, пирсинг и сл). На најголем број од профилите се објавени фотографии со лик. Многу ретко фотографиите се само од други делови од тело или со замаглени ликови.

Сексуалните работници имаат можност на овие платформи да не споделуваат слики со лик, ниту пак да објавуваат други лични податоци. Но, што помалку податоци објават, помали се шансите за клиентите да ги контактираат. Дури и да не одлучат да објават други податоци, за да објават оглас треба да остават валидна електронска адреса каде платфомрата ги известува дали и кога е одобрен огласот, а преку колачињата се собираат и други податоци преку кои корисникот на веб страницата може да се поврзе со вистинска личност. На сите платформи е забрането да се поставуваа туѓи, т.е. невистинити слики. Исто така, клиентите можат да пријават до платформата ако не се објавени вистинити фотографии, т.е. фотографијата не соодвествува на изгледот во живо, со што се ризикува огласот за кој платиле да се отстрани, а на eurogirlseskort можат да бидат ставени на т.н. „црна листа“. Во претставувањето на платформите е наведено дека тука можат да се најдат вистинити слики, со што тоа се очекува од сексуалните работници. На atlaseskorts.com, при регистрирање на профил е наведено дека „Приватноста е право. Ширење и споделување на интимни фотографии на други лица без нивна согласност е предмет на правна санкција во која било земја“.66 Секако дека ова е вистинито и може да се гледа како обид да се превенира повреда на приватноста и сексуална злоупотреба преку визуелни материјали. Но, платформите не нудат никакви опции за заштита на приватноста на сексуалните работници кои ќе објават свои фотографии, како блокирана опција за симнување на фотографии или правење скриншот. Платформата eurogirlseskort.com во делот со совети како да се направи добар профил ги советува сексуалните работници да објават вистинити фотографии, најмалку три, да го верификуваат својот профил, да објават точен телефонски број и да објават поексплицитни фотографии. Притоа, се наведува дека профилите со лажни фотографии ќе бидат деактивирани, а клиентите се советуваат да закажуваат средби со верификувани профили за да се заштитат од измами. Верификувањето на профилот значи испраќање фотографија од личен документ (лична карта или пасош) и фотографија од ликот на платформата. Овие податоци платформата нема да ги објави јавно, но сепак ги собира со што правото на ано-

66 https://mk.atlasescorts.com/posts/create

нимност онлајн се ризикува, а платформата би можела овие податоци да ги сподели со државни органи со судска наредба.

Платформите се слични и во информациите кои ги објавуваат за начинот на чување, обработување и користење на податоците. На eurogirlseskort се наведува дека личните податоци не се собираат за да се продаваат, тргуваат или оддаваат на трети страни на кој било начин, дека личните податоци се третираат строго доверливо и дека „нема да бидат продадени, повторно употребени, изнајмени, обелоденети или позајмени“. Исклучок се ситуациите каде од платформата се бараат податоци со судска наредба, со што на пример, овие податоци би можеле да бидат искористени во постапки против сексуалните работници како докази во земји каде сексуалната работа е криминализирана. Atlaseskorts исто така тврди дека не ги продава податоците на корисниците на трети страни и ги третира како доверливи податоци. Cityoflove не го наведува ова, туку вели дека „можеме да споделуваме информации во конкретни ситуации и со одредени трети страни“ и дека можат да ги споделат личните информации при бизнис трансфери.

Но, во правилата и условите за користење е наведено дека со користење на eurogirlseskort и atlaseskort „ни давате неотповиклива, неексклузивна лиценца на глобално ниво за користење, репродуцирање, прилагодување, објавување, преведување и дистрибуција на Вашата содржина во кој било постоечки или иден медиум. Вие исто така ни давате право да ги подлиценцираме овие права и право да поднесеме тужба за прекршување на овие права.“ На cityoflove, нема вакво тврдење, но во правилата и условите е наведено дека “корисникот разбира дека правата на интелектуална сопственост што произлегуваат од или во врска со кои било услуга и/или веб страница се во сопственост на CityofLove“, што има исто значење и последица како експлицитно напишаните услови за правата за користење на содржините кај другите две платформи. Согласноста се однесува на содржините, не и на останатите податоци, но објавените содржини вклучуваат лични податоци како фотографии, телефонски броеви, локација и друго. Сексуалните работници на платформите даваат согласност за речиси секаква употреба на нивните содржини, која може да вклучи и продажба и објавување на содржините на која било друга платформа, со што ризикуваат да немаат контрола каде, во кој контекст и на кој начин нивните содржини ќе бидат понатаму објавувани и употребувани.

Сексуалните работници имаат ограничени можности да побараат целосно и конечно бришење на личните податоци споделени со платфомрата. Atlaseskorts во случај на бришење на профил или реклама, не ги зачувува податоците, но сепак може да направи копија на серверот (backup) во случаи на апсолутна неопходност, без да се објасни што таа неопходност вклучува. Cityoflove прецизира дека можат да задржат податоци за да превенираат измама, да помогнат во истрага и друго. На eurogirlsescort не е објаснето дали има ваква опција и како да се побара истата. Само на cityoflove има опција да се побара информација, преглед или бришење на податоците од страна на платформата. Ова е возможно преку посебен формулар67 каде сексуалните работници можат да побараат информација какви податоци се собираат од нив, да им се избришат податоците, да не се продаваат на трети страни, да пристапат до своите лични податоци, да поправат неточни податоци, да добијат копија од личните податоци, да не се споделува-

67 Формуларот е достапен на овој линк.

ат нивните податоци за рекламирање засновано на податоци од следење, да се ограничи употребата и откривањето на чувствителни лични податоци и друго. Сепак, немаме информација дали платформата е респонзивна и дали соодветно одговара на овие барања на сексуалните работници. Иако не можеме да тврдиме дека cityoflove е подобра платформа во однос на правото на приватност само затоа што има ваков формулар, но ова е добра практика. На пример, за разлика од eurogirlseskort која тврди дека податоците „нема да бидат продадени, повторно употребени, изнајмени, обелоденети или позајмени“, cityoflove нуди можност да се побара тоа да не се прави. Од овој аспект, подобри се условите на eurogirlseskort, но таму нема информација дали и како може да се провери кои податоци се чуваат, да се добие копија и да се побара бришење.

Eurogirlseskort наведува дека користи софтвер за безбеден сервер (secure server software SSL), преку кој личните податоци се предмет на неколку слојно шифрирање (енкриптирање) пред да се пратат на платформата. На Atlaseskorts податоците се заштитени со „безбеден заштитен ѕид за неовластена употреба“, а cityoflove само наведува дека „спроведуваат соодветни и разумни технички и организациски безбедносни мерки дизајнирани да ја заштитат безбедноста на сите лични информации што ги обработуваме“. Сите три платформи имаат SSL/TLS протоколи како стандард во заштитата на податоците за сите веб страници.[68] Веб страниците кои користат најнови верзии од SSL/TLS протоколите имаат подобро ниво на заштита од безбедносни инциденти на податоците на корисниците. Од проверката на веб страниците преку алатката SSL server test,[69] atlaseskorts доби А+ оцена, а eurogirlseskort и cityoflove добија Б. Оттука, atlaseskorts обезбедува подобра заштита на личните податоци на корисниците од безбедносни инциденти.

Користењето на платформите е одговорност на корисниците (ескорти и клиенти), платформите не прифаќаат каква било одговорност за што било што може да произлезе од платформата. Самите платформи тврдат дека не се на никаков начин инволвирани во сексуална работа, „не сме ескорт агенција, туку агенција за рекламирање на ескорт услуги“ (eurogirlsescort); „управуваме со онлајн платформа и на никаков начин не сме вклучени во бизнисот на ескорт или проституција“ (atlaseskorts) и „CityofLove експлицитно не е дел од каков било договор или каков било директен или индиректен контакт помеѓу Придружникот и Корисникот“. Наспроти овие тврдења, овие платформи имаат клучна улога во сексуалната работа, директно и индиректно ги регулираат условите во кои се одвива сексуалната работа, имаат можност да влијаат на безбедноста, приватноста и економската благосостојба на сексуалните работници. Платформите не се неутрални, напротив, со нивниот дизајн, јазикот кој го користат и информациите кои (не) ги споделуваат, со податоците кои оставаат простор да се објават, кои ги собираат и користат, ги ставаат сексуалните работници во понеповолна и поризична положба, не ги пресретнуваат нивните потреби и не се грижат за нивната безбедност.

Во правилата и условите на сите платформи стои дека корисниците се согласуваат и потврдуваат дека користењето на платформата е во согласност со законите во земјите каде престојуваат, и дека „на корисникот не му е забрането со закон да ја користи веб-страницата поради какво било ограничување, вклучително ограничување на возраста или закони кои ја криминализираат проституцијата“

68 Повеќе информации за SSL/TLS достапни на овој линк.

69 Алатката е достапна на овој линк.

(cityoflove). Од една страна, платформите овозможуваат нудење и користење сексуални услуги и во земји каде сексуалната работа е криминализирана, но одговорноста за тоа е на корисниците, со што повторно не се прифаќа и признава улогата која ја имаат во сексуалната работа.

Од една страна, имаат право да модерираат, изменуваат и бришат содржини, а од друга страна не се одговорни за содржините. На cityoflove е наведено дека платформата “го задржува правото да ја избрише секоја содржина на веб страницата што не е дозволена според мислењето на CityofLove, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на клеветничка, заканувачка, навредлива содржина, како и содржина во која насилството се величи или која може да поттикне насилство или било која друга форма на казниво однесување, како и содржина која содржи слики или видео материјал од деца, детска порнографија и рекламирање што содржи материјал што може да биде незаконски“. Останатите платформи наведуваат дека ќе избришат содржини на малолетници, детска проногрaфија, невистинити слики или огласи за невистинити услуги, дупли профили и сл. Содржини што промовираат насилство се спомнати само на cityoflove. На eurogirlseskort и atlaseskorts е наведено дека „рачно“ ги прегледуваат сите содржини пред да бидат објавени јавно. Оттука, платформите имаат капацитет да спречат ширење на содржини кои се вознемирувачки, стимулираат (родово засновано) насилство, дискриминација, говор на омраза и друго. Изоставувањето да се наведат овие прашања во правилата и условите значи дека ова не се важни прашања на кои платформата обрнува внимание, иако не можеме да тврдиме дека нема да се модерираат во пракса. Сепак, не се објавени други критериуми за модерирање на содржини, ниту е наведено дека се користат алгоритми при модерирањето. Оттука, платформите не преземаат доволно мерки за превенција од сексуална злоупотреба и насилство, други форми на родово засновано насилство и трговија со луѓе. Тоа можат да го прават преку објавување информации и врски со релевантни веб страници и даватели на услуги на жртви, за сите земји каде дозволуваат да се рекламираат сексуални услуги, но и преку отворање простор за комуникација помеѓу сексуалните работници за размена на информации и искуства.

Сите платформи забрануваат користење на платформите за промоција или посредување при трговија со луѓе и детска порнографија, додека „присилна сексуална активност“ е експлицитно спомената само кај cityoflove. На cityoflove има само забрана за вакви активности преку платформата, на atlaseskorts се наведува дека во случај на сомневање за трговија со луѓе веднаш да се исконтактира плтаформата и дека ќе преземат мерки, а eurogilseskort има најдетални податоци за трговија со луѓе кои вклучуваат и индикатори за препознавање од страна на клиенти (не и од страна на сексуални работници) и податоци од институции за пријавување, но само во САД, Обединетото кралство и Германија. Платформите не користат пософистицирани технологии за проверка на возраста, туку доволно е корисникот да го означи полето со тврдењето дека е полнолетен.

Платформите имаат можност за бесплатни огласи, но за подобра видливост огласите се плаќаат, а цените зависат од времетраењето на огласот. За огласот да се појавува помеѓу првите во пребарувањето треба да биде платен. При плаќањето на огласите се споделуваат вообичаените податоци, како име и презиме на сопственик на картичка, број на картичка и друго. Платформите не собираат податоци за плаќање како броеви на крединтни картички, туку плаќањето оди

преку трети страни кои овозможуваат вакви услуги, без да се наведе како тие трети страни ги чуваат и користат податоците добиени преку платформата. Само на cityoflove може да се најде линк од компанијата која го овозможува плаќањето и нејзините услови и политики за приватност.

При отворање на платформите нити една не нуди опција за поставување на функциите на колачињата.[70] Колачињата секако можат да се поставуваат преку пребарувачот што се користи, но давањето можност од самата веб страница претставува повисоко ниво на грижа и заштита на приватноста на корисниците. Со давањето ваква можност се зголемува транспрантноста и видливоста на политиките за колачиња, а на корисниците им се дава можност да одлучат кои податоци и за која цел ќе се собираат преку колачиња. Бидејќи сексуалните работници оддаваат сензитивни податоци преку користењето на веб страниците кои можат да ги поврзат со нив лично, (на пример, некои колачиња т.н. tracking cookies собираат податоци за ИП адреси и географски локации) важно е да имаат можност да ги постават колачињата со што се стимулира донесување информирани одлуки и за поголема контрола над податоците кои се собираат.

За да можат да се унапредат условите под кои сексуалните работници во Северна Македонија нудат услуги на платформите, пред сè е неопходно да се декриминализира сексуалната работа. Унапредувањето на работничките права, условите под кои се одвива работата и безбедноста на сексуалните работнички при работа е возможно единствено во услови на декриминализација. Меѓу другото, ова дава можност синдикално здружување на сексуалните работници и заедничко застапување за подобри услови за работа, што ќе значи стекнување преговарачка моќ со компаниите кои управуваат со вакви платформи. Бидејќи се работи за платформи кои се користат на универзално ниво, непходно е вмрежување со сексуалните работници од други земји и заедничко застапување за донесување поволни политики за декриминализација и за регулација на условите во кои работат т.н. платформски работници на регионално (Европско) и меѓународно ниво. Од аспект на националната законка рамка, тудовото законодавство не ги препознава воопшто платформските работници, т.е. Законот за работни односи се однесува само на работниците кои имаат договор за вработување,71 со што многу категории работници се лишени од работнички права. Оттука, покрај законска рамка за декриминализација, потребни се измени на Законот за работните односи кон препознавање на сите работниците кои фактички работат, вклучително и платформиските работници, согласно правото на ЕУ и препораките на Меѓународната организација на трудот. Законската рамка за декриминализација нужно треба да ги препознае и сексуалните работници кои нема да работат со договори за вработување како работници-титулари на работнички права.

70 Колачињата се генерално безопасни текстуални датотеки кои веб страниците ги поставуваат на уредите на корисниците со цел да го персонализираат искуството на користење на веб страницата. Оттука, преку колачињата се собираат лични податоци и се следи однесувањето на корисникот онлајн. За корисниците е важно да знаат дали податоците собрани преку колачиња се заштитени и до која мера и на кој начин се користат понатаму.

71 Член 1 Став 1, Закон за работните односи.

### 4.2.2. Огласници

Најчесто користени огласници за рекламирање и нудење на сексуални услуги се vipmarket5.mk, reklama5.mk и Pazar3.mk. Сите три веб страници се огласници за рекламирање на секакви стоки и услуги во Северна Македонија. На ниту еден огласник не постои категорија „сексуални услуги“ или слично, што може директно да се поврзе со сексуалната работа. Најчесто сексуалните услуги се нудат како масажи. Огласите кои се однесуваат на сексуални услуги, а не на вистински масажи можат да се препознаат по цената, немањето описи за каков вид масажи се работи, а некаде се употребуваат и зборови како „дискретно“, „интимни масажи“ и слично. Овие огласници сè помалку се користат, па тука не можат да се најдат многу огласи на сексуални работници. Сексуалните работници сè повеќе ги огласуваат своите услуги на платформите за ескорт услуги.

На огласниците забрането е да се нудат и рекламираат сексуални услуги. На Реклама5 во листата на недопуштени содржини е „понуди за проституција“. На Пазар3 во Општите правила и услови за огласување е наведено дека „Пазар3 има одредени забрани за тоа кои стоки и услуги не смеат да се огласуваат. Производите или услугите кои според Законите и прописите во Р. Македонија се дефинираат како нелегални, нема да се објават.“ Нудењето сексуални услуги во Северна Македонија не е казнивно дело, но под одредени услови може да биде казниво согласно Законот за прекршоците. Но сепак, моделот на регулација на сексуалната работа е криминализација, па оттука овие огласници рекламирањето на сексуални услуги најверојатно го сметаат за нелегално без да навлезат во деталите за регулацијата на сексуалната работа.

За разлика од ескорт платформите, на огласниците сексуалните работници оставаат многу помалку податоци, бидејќи самите огласници не се наменети за сексуални услуги. Но сепак, огласниците собираат податоци кои можат да се поврзат со личноста како: име и презиме, електронска адреса, телефон за контакт, локација, ИП адреса и податоци објавени на огласот. „Пазар3 и помага на полицијата, други овластени лица и страни со информирање за илегалните активности во огласите. Идентитетот на огласувачот или лицето кое плаќа ќе биде откриено според ИП адресата или телефонскиот број и тоа единствено по барање на службено лице и надлежен орган“. Сексуалните работници ризикуваат да бидат санкционирани за сексуална работа доколку се рекламираат на овие огласници. Огласниците не се наменети за сексуални услуги, оттука тие би биле помотивирани да ги бришат огласите кои се поврзани со сексуална работа, дури и да ги пријават огласувачите во МВР. Исто така, за разлика од ескорт платформите, огласниците се компании регистрирани во Северна Македонија од каде соработката со македонските органи за прогон е поедноставна и поефикасна.

На фокус групата со сексуални работници и вработените во канцеларијата на СТАР-СТАР, беше споделено дека доколку сакаат да се раkламираат на Пазар3 за масажи, Огласникот бара документ за завршен курс или слично за масажа, со цел да спречи рекламирање сексуални услуги. Оттука, Огласникот презема конкретни мерки за да спречи рекламирање сексуални услуги. На фокус групата беше наведено дека Огласникот почнал со оваа пракса откако сексуалните работнички испраќале огласи со навредувачка содржина и почнале да го користат за да се пресметуваат меѓусебно. Секако дека има други начини за да се справат со вакви огласи без целосно да забранат огласување на сексуални услуги, но повторно тре-

ба да се земе предвид дека генералната политика на огласникот е воопшто да не се користи за оваа намена.

## 4.3. Дигитално родово засновано насилство

Сексуалните работници се непропорционално повеќе изложени на дигитално родово засновано насилство бидејќи како дел од нивната работа споделуваат лични податоци и интимни фотографии и видеа онлајн, без разлика дали се јавно достапни овие содржини или се споделени во приватни пораки со клиенти. Оттука, сексуалните работници сè повеќе документираат случаи во кои нивни фотографии и видеа без согласност биле објавени или споделени со трети лица, а и случаи во кои без согласност биле фотографирани или снимани. Последниве случаи се покарактеристични за отворената сцена. На различни платформи се објавуваат слики и видеа поставени од клиенти или трети лица кои ги снимаат сексуалните работнички на отворена сцена. Во продолжение ќе бидат претставени најкарактеристичните случаи од Северна Македонија во кои имало аспекти на дигитално родово засновано насилство и сексуална злоупотреба преку визуелен материјал.

Најпознат случај е „Јавна соба“ во кој се работеше за масовна сексуална злоуптреба преку визуелен материјал.[72] Стотици илјади фотографии на жени и девојки од Северна Македонија, помеѓу кои и фотографии и видеа од сексуални работници беа споделувани во група на Телеграм т.н. Јавна соба. Фотографиите беа споделувани без согласност, пропратени со други лични податоци како броеви од телефони, линкови од профили на социјални мрежи, место на живеење и слично. Споделувањето беше пропратено со деградирачки коментари кои содржат сексистички говор, сексуално вознемирување и објективизирање на жените. Некои од материјалите беа симнати од профили на социјални мрежи, а други од приватна комуникација помеѓу жртвите и сторителите. Платформата за родова еднаквост организираше протести и бараше од Јавното обвинителство да спроведе истраги и да иницира кривични постапки против сторителите,[73] Клучниот слоган на протестите беше „Јавна соба е кривично дело“, токму поради фактот што Јавното обвинителство не го прифати фактот дека кривични дела се сторени и кон возрасните жртви во случајот, а не само кон малолетните. За многу жени, сексуалното вознемирување од онлајн се прелеа и офлајн, односно беа вознемирувани по телефон, околината дозна дека нивни фотографии биле во групата, по што беа виктимизирани преку озборување и обвинување. И Обвинителството и полицијата беа соучесници во виктимизацијата преку обвинување на жртвите што се сликале во одреден контекст и ги споделиле сликите со некого или ги објавиле. Затоа, Обвинителството ги гонеше само креаторите и администраторите на групата за кривичното дело „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ со што не се препознаа кривичните дела против возрасните жртви на сексуално вознемирување преку визуелен материјал. Судот донесе осудителни пресуди со минимална казна затвор од 4 години.[74] Обвинителството и тогаш имаше основа во

72 За повеќе информации за случајот Јавна соба посетете го линкот

73 Повеќе информации за активностите на Платформата за родова еднаквост за случајот „Јавна соба“ се достапни на линкот

74 Инфомации за кривичните постапки во предментите Јавна соба 1 и 2 се достапни на линкот

Кривичниот закон да ги гони сторителите и да ги заштити и полнолетните жртви, но во 2023 година беа донесени измени со кои сексуалното вознемирување (во живо и онлајн) е експицитно предвидено како кривично дело. Иако не можеме да знаеме дали Обвинителството би постапило поинаку согласно измените на КЗ од 2023 година, сепак остана заклучокот дека жртвите не добија заштита, туку виктимизација, со што околината и институциите беа соучесници во случај на дигитално родово засновано насилство.

Постар, но значаен случај е емисијата „Во Центар со Васко Ефтов: проституцијата во Македонија“[75] емитувана на националната телевизија Канал 5 во 2015 година. Авторите на емисијата нашле конатакти од сексуални работници од огласи, стапиле во контакт со нив претставувајќи се како клиенти, а потоа ги објавиле нивните податоци и ги снимале без да ги информираат и да добијат дозвола, а материјалот го објавија на една од најгледаните национални телевизии, Канал 5 и на Јутјуб. Две трансродови сексуални работнички беа снимани во нивниот стан, каде авторите се претставуваа како клиенти и без знаење и дозвола на сексуалните работници ги снимаа. Беше објавен телефонскиот број на една од жртвите, фотографии, снимен телефонски разговор без изменување на гласот, снимка од патот кон и опкружувањето на станот на една сексуална работничка, снимка од разговор со сексуалната работничка во станот, сите направени без знаење, согласност и без замаглување на материјалот. По објавувањето на емисијата, сопстевеникот на станот го прекина договорот на закуп, а сексуалната работничка требаше итно да се исели. Роднини, пријатели и познаници на сексуалните работнички дознаа за нивниот родов идентитет и за сексуалната работа, по што беа жртви на осуди и отфрлање од околината. Советот за етика во медиумите[76] препозна повреда на Етичкиот кодекс. Беше поднесена тужба со која се бараше судот да утврди повреда на правото на приватност преку објавување лични податоци во јавноста, со што се нарушил приватен живот и се предизвикала душевна болка, но првостепениот и второстепениот суд не препозна повреда на правата. Уште повеќе, една од тужителките беше изложена на вознемирувачко и понижувачко однесување во судница пропратено со исмевачки коментари за родовиот идентитет, кога адвокатката на тужителките достави Решение за промена на лично име на тужителката. Адвокатката побара изземање на судијата од предметот, но претседателот на судот во Решението со кое се одбива барањето ги потврдува истите стигматизирачки ставови во врска со родовитот идентитет. Беше поднесена и апликација до Европскиот суд за човекови права, по која државата се спогоди со апликантите, со што судот не одлучуваше мериторно, но сексуалните работнички добија надомест на штета.

Од документираните случаи на родово засновано насилство онлајн кон сексуални работници доминираат примери во кои интимни фотографии и телефонски бореви биле споделени јавно или со трети лица без согласност, случаи на сексистичко, транфобично и хомофобично вознемирување онлајн, во приватни пораки или во коментари на социјални мрежи, како и случаи во кои поранешни партнери и/или макроа и клиенти ги користат интимните фотографии

75 Случајот е документиран во Коалиција Маргини, за што Здружението овозможи бесплатна правна помош за жртвите.

76 Соопштение за медиуми, „Говор на омраза, сензационализам и повреда на правото на заштита на лични податоци на сексуалните работници од страна на Канал 5 телевизија“, Коалиција Маргини. Достапно тука.

за да ги уценуваат сексуалните работници да останат со нив во врска или да им дадат пари за да не ги објават, да не ги пратат на семејството и слично. Во неколку од документираните случаи кои биле пријавени во полиција, од кои два се по донесување на измените на Кривичниот закон со кој се криминализираше сексуалното вознемирување, полицијата им кажува на жртвите дека ништо не може да преземе, односно не го препознава дејството како кривично дело. Во пракса сексуалните работници се оставени сами на себе да се заштитат. Оние кои се вмрежени со здруженијата на граѓани бараат помош за да се отстранат фотографиите, како комуницирање со сторителот за да ги отстрани фотографиите, пријавување до социјалната мрежа, надлежна институција и слично.

Еден случај на сексуално вознемирување во приватна порака на Инстаграм кон транс сексуална работничка и активистка е пријавен во полициска станица во 2023 година.[77] Полицискиот службеник не знаел како да постапи, се консултирал со останати колеги за да ја препрати жртвата во одделот за електронски криминал и дигитална форензика. Во одделот за електорнски криминал исто така не го препознале случајот како кривично дело и го релативизирале како недоволно сериозен, коментирајќи дека е само еден коментар, дека немало закана по живот и слично. Според одделот, во случајот немало кривично дело бидејќи за да постапат по Член - 394-г - ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, потребно е коментарот да бил напишан јавно, а не во приватна порака. Правната советничка се повикала на делото сексуално вознемирување, но одделот немал информација дека вакви измени се донесени, иако случајот се пријавува 6 месеци од стапување во сила на измените на Кривичниот закон. Кога слушнале дека делото се вика „сексуално вознемирување“ утврдиле дека тие не би биле надлежни, туку Одделението за крвни и сексуални деликти. На транс жената и се обраќале во женски род се додека не дознале дека е транс, по што почнале да се обраќаат во машки род. Дале совет жртвата да се обрати со кривична пријава до Обвинителството, но потенцирале дека Обвинителството најверојатно нема ништо да преземе, бидејќи и тие се соочувале со истиот проблем со Обвинителството по кривичните пријави кои ги поднесуваат.

Од горeприкажаните случаи и праксата на здруженијата на граѓани и во други случаи на дигитално родово засновано насилство кон жени, заклучуваме дека не постои ефикасна и ефективна заштита на жртвите од овие дела. Кога фотографии и други материјали се споделени во контекст на сексуална работа постои дополнителна бариера, стравот од криминализација на жртвите да се обратат за помош до институциите. Кривичниот закон и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство соодветно ја уредуваат оваа област. Делата полово вознемирување,[78] демнење,[79] злоупотреба на лични податоци,80 загрозување на сигурноста,[81] изнуда,[82] уцена[83] и слично, зависно од околностите на случајот, можат да се користат за да ги заштитат сексуалните работници од дигитално родово засновано насилство. Законот за спречување и заштита од насил-

77 Случајот е документиран во Коалиција Маргини.
78 190 а КЗ
79 144 а КЗ
80 149 КЗ
81 144 КЗ
82 258 КЗ
83 259 КЗ

ство врз жени и семејно насилство на сеопфатен начин ја уредува областа, го препознава и дефинира сексуалното вознемирување онлајн84 како форма на родово засновано насилство, а сексуалните работници ги препознава како ранливи жени за кои институциите треба да ја земат предвид оваа ранлива позиција при постапувањето.85 Законот предвидува услуги за жртвите, координирано постапување на иснтитуциите и преземање превентивни мерки. Недоволното спроведување на законската рамка е клучниот проблем. Од една страна се ниските капацитети на Одделот за електорнски криминал кој не располага со доволно стучни лица за да одговорат на зголемениот број вакви случаи, но клучниот проблем е во Обвинителството кое не ги препознава како криминал кој треба да се гони. Здруженијата на граѓани бележат бројни пропусти во постапувањето на Обвинителството во случаите на родово засновано насилство, со што институцијата нема капацитети да спроведува родово сензитивни истраги засновани на принципот на човекови права со фокус на потребите на жртвите. Во сʼржта на проблемот се родовите стереотипи и сексистичките ставови на институцијата со кои се релативизира насилството и се обвинуваат жртвите.

## 4.4. Заштита на лични податоци

Заштитата на лични податоци може да се смета како заштита на лични податоци од страна на државните органи во смисла на податоците на сексуалните работници кои ги прибираат и обработуваат, како и заштита на личните податоци онлајн како податоците кои се прибираат, чуваат, обработуваат и користат од страна на платформите за нудење сексуални услуги, социјалните мрежи и сите останати веб страници кои имаат податоци на сек суални работници.

Обработка, анализа и употреба на податоци на корисници од страна на платформите се случува постојано, односно тоа е основата на бизнис моделот на технолошките компании. Ова значи масовна употреба на технологија за надзор која нужно навлегува во приватноста на корисниците. Обработката и анализата на податоците е профилирање, односно редуцирање на однесувањето на корисниците на стереотипи и предрасуди во чии рамки се очекува да се однесуваат, но се прави и стимулирање на стереотипно однесување. „Повеќеслојните аспекти кои го конструираат идентитетот се поедноставени, категоризирани и спакувани во однапред одредени профили, процес кој сложените идентитети ги сведува на обични стереотипи“.[86] Оттука, платформите директно придонесуваат кон распространување на стереотипи во дигиталната сфера, со што се одзема агенсот на корсниците за самостојно и информирано да донесат одлуки. Уште еден проблем е онлајн радикализацијата. Корисниците кои имаат хомофобични и шовинистички ставови ќе бидат изложени на повеќе вакви содржини, со што нивните ставови наместо да се променат ќе се зацврстат. Оттука, клучно право во врска со приватноста во дигиталната сфера е корисниците да знаат кои податоци, на каков начин се користат, анализираат и чуваат и правото да се има контрола над овие процеси. Но, најочигледните повреди на права настануваат кога овие податоци се упо-

---

84 Член 3 Став 1 Точка 20, Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

85 Член 7, Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

86 Benaissa, N., “Article 7: The Right to Privacy as a Gatekeeper to Human Rights” article in “Digital Rights are Charter Rights”, Digital Freedom Found.

требуваат за алгоритмичко донесување одлуки од страна на јавните власти кога одлучуваат за правата или за ограничувањето на правата на граѓаните. На ваков начин стереотипното донесување одлуки директно се овозможува од страна на технологијата, наспроти верувањето дека со отстранување на човечкиот фактор одлучувањето е непристрасно. Во Северна Македонија, алгоритмичкото донесување одлуки во јавниот сектор сè уште не е распространето, со што ризиците за ваков вид дискриминација се сè уште ниски. Северна Македонија нема активни политики и мерки кои ги адресираат овие проблеми, како мерки за спречување онлјан радикализација, забрана за онлајн профилирање засновано на дискриминаторски основи, забрана за рекламирање засновано на политичка определба, род, сексуална ориетација, родов идентитет, вера итн. Овие мерки доправа се развиваат и во правото на ЕУ, особено со Актот за дигитални услуги, а Северна Македонија доцни зад трендовите.

Во Северна Македонија институциите собираат податоци за сексуалните работници и тоа во областа на здравството при спроведување на Програмата на превеницијa од ХИВ и во правосудството (полиција, обвинителство и судови) како сторители на казниви дела поврзани со сексуална работа. Податоци поврзани со сексуална работа може да имаат и институциите од социјална заштита до кои дошле при работењето со лица за остварување социјални права и услуги. Податоците кои се однесуваат на здравјето, сексуалниот живот, сексуалноста и казнената евиденција (податоци поврзани со осуди за кривични дела) претставуваат сензитивни податоци кои уживаат повисоко ниво на заштита. Оттука, податокот за тоа дали некој се занимава со сексуална работа спаѓа во групата на особено чувствителни податоци. Овие категории податоци не можат автоматски да се обработуваат освен ако домашното законодавство не предвидува соодветно заштитни мерки и налагаат зголемен степен на заштита.[87] Законот за заштита на лични податоци ги препознава овие категории податоци како „посебни категории лични податоци“ и предвидува построги услови за нивни прибирање и обработување.

Заштитата на личните податоци, правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, преносот на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштитата на личните податоци, улогата на контролорот и обработувачот на личните податоци, прекршоците и прекршочната постапка во оваа област и статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, се регулирани во Законот за заштита на личните податоци[88]. Сог ласно Извештајот на Европска комисија потребно е дополнително усоглсување на законската рамка со Општата регулатива за заштита на податоците,[89] особено во однос на пренесувањето на личните податоци и за гарантирање на независноста на Агенцијата за заштита на лични податоци.[90] Извештајот ги документира клучните недостатоци во оваа област, како што се недоволното спроведување на законот, слабите капа-

87 Guide to the Case-Law of the European Court of Human Rights “Data Protection”, ECtHR, 2023.

88 Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21

89 Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the Protection of Natural Persons with Regard to the Processing of Personal Data and on the Free Movement of Such Data, and Repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation)

90 North Macedonia 2023 Report, European Commission, Brussels, 2023, 28.

цитети на Агенцијата за заштита на личните податоци поради ограничени финансиски и човечки ресурси и немање независност, како и неусогласеност на секторските закони со Законот за заштита на лични податоци од каде законот недоволно се спроведува во различни области. Извештајот дури заклучува дека „генрално, контролорите[91] на податоци не го спроведуваат Законот за заштита на лични податоци“. Оттука, можеме да заклучиме дека најверојатно податоците кои се собираат за сексуалните работници од страна на државните органи, генерално, уживаат ниско ниво на заштита, но сепак потребно е детално да се проверат состојбите во релевантните области од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци.

Согласно податоците од фокус групата со канцеларијата на СТАР-СТАР, организација која ја спроведува превентивната ХИВ програма, податоците од сексуалните работници кои добиле каква било услуга во рамки на Програмата како ХИВ тестирање, тестирање за други сексуално преносливи инфекции, советување, бесплатни кондоми и лубриканти или друго, се бележат на формулари при што се користат шифри, а податоците се внесуваат во дата база на Институтот за јавно здравје. Шифрите се формираат врз основа на комбинација од лични податоци. Овие податоци се чуваат и обработуваат од страна на Институтот за јавно здравје. Повеќето вклучени во спроведување на Програмата, помеѓу кои и вработените од Институтот за јавно здравје, знаат на кој начин се формираат шифрите. Доколку некој знае како се формира шифра, може да провери дали некое лице чии лични податоци му се познати користело услуги во Превентивната програма, од каде може да дознае дали се занимава со сексуална работа, податоци за родов идентитет и сексуална работа, резултати од ХИВ тестирање и други исклучително сензитивни податоци. Оние кои ја спроведуваат програмата и ги познаваат заедниците, при преглед на формуларите можат да познаат од шифрата кој формулар на кое лице се однесува, а со тоа, на пример можат да дознаат кој имал ХИВ позитивен тест. Ваквиот начин на формулирање на шифрите не ја гарантира анонимноста на сексуалните работници. Секако, спроведувачите на ХИВ превентивната програма се соодветно обучени за доверливост и потребата од зачувување на приватноста како клучни за градење на доверба помеѓу заедниците. Од информациите добиени од администраторот на дата базата (Институт за јавно здравје), очигледно е дека се преземени превентивни мерки за да се осигура доверливоста и високо ниво на заштита на лични податоци, како на пример, има само еден администратор на дата базата и само тој има пристап до овие податоци, од здруженијата на граѓани се номинира само едно лице кое ги внесува податоците, вклучените поминале обука за заштита на лични податоци, нарачателите на софтверот барале имплементирање на технологии за безбедност при неговото развивање, а била консултирана и тогашната Дирекција за заштита на лични податоци со чија помош се подготвиле соодветни документи, со кои согласно тогашниот закон се обезбедил законски основ за соодветно прибирање, чување и обработка на податоците. Но, поминати се 10 години од создвањето на софтверот, а начинот на собирање, чување и обработка на податоци е утврден пред 20 години. Оттука, потребно е повторно обмислување на овие процеси, нивно услогласување со новиот Закон за заштита на лични податоци и обновување на технологиите за безбедност на софтверот. Самите шифри

91 Контролор на податоци во смисла на Општата регулација за заштита на податоци е правно или физичко лице, агенција, јавен орган или кое било друго тело кое самостојно или кога е поврзано со други ги одредува целите зад собирањето податоци, средствата и начинот на секоја обработка на податоците.

претставуваат лични податоци согласно Законот за лични податоци, бидејќи содржат информации за физички лица кои можат да се идентификуваат на индиректен начин, а притоа во дата базата се собираат и посебни категории податоци, односно чуствителни податоци за кои важат посебни правила за собирање и обработување. Начинот на прибирање, чување, обработка на податоци, нивниот вид и обем треба да се ревидира согласно клучните принципи на минимизирање на обемот на податоци кој се прибира во согласност со целта на нивно прибирање. Имајќи ја предвид целта на прибирањето и обработката на податоци од ХИВ програмата (прибирање епидемиолошки податоци за следење на состојбите и креирање понатамошни мерки за унапредена превенција), прибирањето лични податоци преку шифрите е непотребно, а оттука може да се смета за законски неоправдано. Податоците што се собираат со шифрите не служат на целта, а согласно принципот на пропорционалност, можат да се осмислат други начини на креирање унифицирани шифри кои нема да содржат лични податоци или ќе содржат помалку лични податоци. Треба да се има предвид барањето податоците да се чуваат не подолго од што е неопходно за исполнување на намената за која се прибрани и обработени, од каде треба да се испита кои податоци и во кој рок можат да се уништат, што значи донесување протоколи кои ќе ја уредат оваа област. За да се осигура највисоко можно ниво заштита на личните податоци и усогласеност на практиките со Законот за заштита на лични податоци треба да се развијат внатрешни протоколи кои детално ќе ги регулираат овие процеси согласно актуелните стандарди во областа, а кои во моментот недостасуваат за одредени прашања или не се осовременети.

Ако се има предвид недоволното спроведување на Законот за заштита на лични податоци од страна на институциите како контролори, се отвора прашањето на безбедност на личните податоци кои ги чуваат и обработуваат институциите. Според податоците од интервјуто со експерт во областа, веб страниците и дата базите на македонските институции важат за недоволно заштитени од хакерски напади и други инциденти, некои не исполнуваат ни минимални стандарди за сајбер безбедност, односно податоците од државните институции би можеле лесно да бидат украдени, објавени, злоупотребени и слично. Законската рамка во оваа област не е соодветна и дополнително треба да се усогласи со правото на ЕУ. Владата планира да донесе Закон за безбедност на мрежи и информациски системи[92] според кој треба да се формира Дигитална агенција надлежна за дигитална безбедност и дигитализација, а треба да се донесе и нова Националната стратегија за сајбер безбедност.[93] Според Извештајот на Европската комисија, Република Северна Македонија е „умерено подготвена“ во оваа област, законодавството дополнително треба да се усогласи со директивите НИС и НИС 2,[94] да се зајакнат капцитетите на сите релевантни институции, да се зајакне нивната соработка и координација.[95] Од аспект на заштитата на личните податоци на сексуалните работници, донесувачите на одлуки треба да обрнат особено внимани и да предвидат посебни мерки за чување и обработка на чувствителни податоци, т.н. посебни категории лични податоци, имајќи ги предвид последиците со кои можат да се соочат маргинализираните граѓани од издавањето и злоупотребата на овие податоци.

92 Нацрт законот е достапен на ЕНЕР на овој линк.

93 Нацрт стратегијата е достапна на ЕНЕР на овој линк.

94 Директивите се сеопфатни правни инструменти во областа на сајбер безбедноста и нивната цел е да се постигне заедничко високо ниво на сајбер безбедност во Европската Унија.

95 Извештај на ЕК за Северна Македонија 2023, 89.

## 4.5. Слобода на изразување

Во овој дел ќе бидат разгледани повеќе аспекти на слободата на изразување кои ги засегаат сексуалните работници во Северна Македонија, како што се слободата на изразување онлајн, говорот на омраза на социјалните мрежи и онлајн медиумите и прекршувањето на права од страна на онлајн медиумите.

Слободата на изразување е гарантирана со Уставот[96] и Европската конвенција за човекови права која е дел од правниот поредок. Цензурата е забранета со Уставот.97 Законската рамка вклучува и други закони со кои се регулираат различни области од слободата на изразување. Законот за медиуми и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги ги уредуваат правата, обврските на медиумите, условите за нивно регистрирање и работење, ги дефинираат клучните стандарди во областа и ги регулираат механизмите за надзор над нивната работа. Законот за граѓанска одговорност од навреда и клеветта ги регулира овие институти како законски ограничувања на слободата на изразување. Кривичниот закон регулира кривични дела, како ширење ксенофобичен и расистички материјал по пат на компјутерски систем и производство, дистрибуција на детска пронографија, оддавање деловна тајна, оддавање државна тајна, повикување на насилна промена на уставниот поредок, расна и друга дискриминација и други, со кои се наметнува кривично-правна одговорност за воздржување од одреден вид говор или друга форма на изразување. Законот за пристап до информации од јавен карактер го уредува правото да се биде информиран, како дел од слободата на изразување. Имајќи предвид дека повеќе закони ги регулираат различните аспекти од слободата на изразување, а особено нејзиното ограничување, уставната забрана за цензурата не може да се смета како апсолутна забрана за цензура и таа треба да се толкува како цензурурање на форми на изразување спротивно на законот, т.е. спротивно на она што подразбира заштитен говор или друга форма на изразување.

Со дигитализацијата на комуникациите и со растот на популарноста на социјалните мрежи тие стануваат, клучно место за информирање на населението, место каде креираат мислење по актуелни општествени прашања и клучна платформа за споделување ставови и идеи. Ова значи дека на глобалните технолошки компании кои ги раководат социјалните мрежи им даваме права и обврски за заштита и уредување на слободата на изразување, со што се приватизира заштитата на слободи и права клучни за демократијата. Оттука, неопходно е унапредување на правото на меѓународно и/или регионално ниво, кое ќе ја регулира нивната работа во однос на овозможувањето на слободата на изразување, чиј дел е и заштитата од говор на омраза. Освен неколку дела од Кривичниот законик кои можат да се употребат за заштита од онлајн вознемирување и говор на омраза, работата на социјалните мрежи во Северна Македонија не е воопшто регулирана.

Горенаведените проблеми на цензура на сексуалната работа на социјалните мрежи со кои се соочуваат сексуалните работници и нивните здруженија ги засегаат здруженијата и сексуалните работници во Северна Македонија. Здружението СТАР-СТАР се соочи со цензура на нивните профили на Твитер и Инстаграм. Твитер го избришал профилот на Здружението, а притоа Здружението немало

96 Член 16, Устав.
97 Ibid.

можност да се пожали, нити повторно да отвори профил со истото име. На Инстаграм можеле да се жалат и профилот им бил вратен. Но, останува проблемот дека не можат да се употребуваат зборовите „сексуална работа“, ниту „секс“, нити да се објавуваат фотографии од сексуални работници со помалку облека. Ова сериозно ја ограничува слободата на изразување на Здружението и на сексуалните работници, кои постојано треба да наоѓаат различни изрази за да кажат „сексуална работа“. На ваков начин, алгоритмите кои социјалните мрежи ги користат за модерирање на содржини, на директен начин придонесуваат кон невидливост на заложбите за декриминализација на сексуалната работа и промоција на правата на сексуалните работници. Сексуалните работници и активистите/-ките за нивните права се замолчени и цензурирани на најголемите социјални мрежи, со што им се ограничува правото на политичко здружување и застапување против штетните сексистички политики, чие опстојување директно се овозможува. Социјалната маргинализација и исклучувањето на сексуалните работници од јавниот дискурс како најрелевантни чинители во дебатата за сексуалната работа од политичкиот живот офлајн, се прелева онлајн. Оттука, наивно е да се очекува дека дигиталната комуникација сама по себе има капацитет да обезбеди еднакво учество и уживање на слободата на изразување под еднакви услови.

Сексуалните работници од Северна Македонија и нивните здруженија, за проблемот со цензура на социјалните мрежи речиси и да не можат ништо да направат за да ја променат состојбата. Северна Македонија е неважна за компании како Твитер (Икс), Фејбук и Инстаграм. „Регионот на Западен Балкан е по правило невидлив за глобалните технолошки компании, а без установени канали за комуникација, пристапот на заштита на правата е значајно намален“.[98]

Во онлајн просторот сексуалните работници од една страна се цензурирани, а од друга опкружени со говор на омраза. Алгоритмите на социјалните мрежи очигледно не се доволно сензитивни на говор на омраза. Ова креира онлајн средина која е вознемирувачка и застрашувачка, каде нееднаквостите не само што речиси неоспорно се прелеваат, туку во онлајн просторот се засилуваат, мобилизираат и добиваат поголема видливост. Како последица на дигитализацијата на комуникациите, сексуалните работници, особено ЛГБТИ, квир, Роми и други расно/етнички обележани сексуални работници се повеќе изложени на говор на омраза, вознемирување и дискриминаторски говор, а оттука и повеќе изложени на трауматски искуства кои го загрозуваат здравјето, безбедноста и ги обесхрабруваат маргинализираните групи за политичко организирање и артикулирање на нивните потреби и права. Дури и кога не станува збор за говор на омраза, осудувањето на сексуалната работа, перпетуирање на родови стереотпи поврзани со женската сексуалност, осудувањето на жените кои имаат секс со повеќе партнери и слично, се секојдневие на социјалните мрежи, кое креира непријателска средина, ги засилува чувствата на срам и го зголемува интернализирањето на сексизамот, хомофобијата, транфобијата и самостигмата. Социјалните мрежи повеќе се користат за мобилизација и радикализација на десно-популистички идеи, отколку што служат за промоција на идеи за еднаквост и социјална правда на маргинализирани групи. Современиот популизам поттикнат од алгоритмите на социјалните медиуми ја искористува јавната сфера, ја нарушува и искривува индивидуалната

98 „Регулатива во областа на дигиталните права компаративна анализа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна гора, Северна Македонија, Србија“, Share Fondacija, 2021, 17.

реалност.[99] Во науката и теоријата се користи терминот „алгоритмички популизам“ за да се опише употребата на алгоритмите на социјалните мрежи за ширење на десно-популистички (шовинистични, расистички и (цис)сексистички) идеи. Оттука, социјалните мрежи стануваат безбеден простор за ширење на говор на омраза, со што и луѓе кои не би користеле говор на омраза во живо, тука наоѓаат овозможувачка и охрабрувачка средина да го сторат тоа.[100] Дигиталните платформи, како социјалните мрежи, имаат обврска да спречат ширење на идеи на нееднаквост и надмоќ на едни наспроти други групи. Но, овие обврски треба да бидат предмет на регулација и мониторинг од страна на национални и меѓународни власти, што не е случај во Северна Македонија.

Во Северна Македонија, говорот на омраза заснован на род, сексуална ориетација, родов идентитет, раса и етникум, сексистичкиот и курво-фобичен говор се сеприсутни на социјалните мрежи. Загрижувачки ефект од широкораспространетиот говор на омраза е автоцензурата на гласовите кои промовираат или би промовирале идеи за еднаквост, унапредување на правата и добросостојбата на маргинализираните заедници. Изразувањето на позитивни ставови за сексуалната работа е непопуларно, така што промовирањето на сексуалната работа како работа многу веројатно дека ќе биде дочекано со говор на омраза и навреди. На овој начин дополнително се создава стигма околу оваа тема и се замолчуваат гласовите ЗА, со што како непопуларна станува помалку важна и маргинална тема во јавниот дискурс.

Националните механизмите за заштита од говор на омраза, особено кривично-правната заштита се неефикасни. Кривичниот закон ги предвидува делата „расна и друга дискриминација“, „ширење на расистички и ксенофобичен говор по пат на компјутерски систем“„предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ и други, што можат да се искористат за кривично гонење на говор на омраза, особено онлајн. Кривично-судската пракса во однос на говорот на омраза е оскудна. Започнува во 2016 година со пресуда за кривично дело  „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ на Основниот суд во Струга, по што следат пресуди на Основниот кривичен суд од Скопје.[101] Но, ниту една пресуда не се однесува на род, сексуална ориентација и родов иденитет, иако на социјалните мрежи „во најексплицитна форма се јавува говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација.“[102] Клучниот проблем е Обвинителството кое не ги препознава овие дела, а особено пристрасно одлучува кога е во прашање говор на омраза заснован на сексуална ориетација, род и родов идентитет.[103] „Во архивите на Основното јавно обвинителство – Скопје можат да се најдат повеќе негативни мериторни јавнообвинителски одлуки со кои или се от-

---

99 Maly, Ico.“Populism as a Mediatized Communicative Relation: The birth of Algorithmic Populism.” Tilburg Papers in Culture Studies, Tilburg University, 2018.

100 Eksi, S., “Digital Populism: The Internet and the Rise of Right-Wing Populism”, Europan Centar for Populism Studies, 2021.

101 Маркоски, А., „Анализа за утврдување на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023, 58.

102 Маролов, Д., и Стојановски, С., „Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија“, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

103 Дрндаревска, Д., Извештај за повреди на човекови права од документирани случаи во Коалиција Маргини, за периодот 1.2.2023 – 30.8.2023, Коалиција Маргини, 2023.

фрлила кривичната пријава за некое вакво дело, или пак се одлучило дека нема место за јавнообвинителска интервенци“.[104] Потребно е да се зајакнат капацитетите на Обвинителството со фокус на постапување во случаите на говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето, жените и другите маргинализирани групи. Исто така, треба да се прецизира Кривичниот закон со предвидување на дело „говор на омраза“ кое ќе ги опфати сите онлајн и офлјан форми на говор на омраза, кои поради својата сериозност се предмет на кривично-правна заштита. Законот за медиуми не ги регулира онлајн медиумите. Оттука, во Северна Македонија не постои граѓански закон кој ќе предвиди обврска за мониторирање и казнување на онлајн медиумите кои шират говор на омраза и дискриминаторски говор. Традиционалните медиуми се регулирани во Законот за медиуми и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги кои предвидуваат забарана и парични казни за говор на омраза, но говорот на омраза тука ретко се случува, а и не е предмет на оваа анализа. Онлајн медиумите се предмет, т.е. можат да бидат предмет на саморегулација, но саморегулацијата има ограничени ефекти, медиумите учествуваат ако сакаат и не постојат механизми за да се натера одреден медиум да ја испочитува одлуката на саморегулаторното тело. Оттука, саморегулацијата може да има ефекти кон оние онлајн медиуми кои имаат за цел професионално да работат, но не може да делува на останатите.

104 Ibid, 85.

# 5.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Отсуството на декриминализација на сексуална работа значи повреда на правото на приватност само по себе. Непрепознавањето на сексуалната работа како работа е резултат на морализирање и вмешување во приватноста, телесната автономија, самоопределувањето и самостојното донесување одлуки поврзани со сексуалноста. Декриминализацијата значи дека сексулната работа се третира како секоја друга работа, се почитува достоинството на сексуалните работници, се штитат од насилство и им се овозможуваат безбедни и фер услови за работа, заштита при работа согласно спецификите на професијата.
- За разлика од сексуалната работа на улица или на затворена сцена во бордели, клубови или приватни станови, се смета дека онлјан нудењето и/или давањето услуги е побезбедно и поповолно за сексуалните работници (избегнување директен контакт со клиенти, намален ризик од казнување, помал ризик од физичко насилство, повеќе време за преговарање и сл).
- Стигмата кон сексуалните работници и нивната маргинализирана положба во општеството се рефлектираат и во дигиталната сфера пројавувајќи нови начини на манифестација. Проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници и прекршувањата на нивите права, на различен начин се манифестираат во дигиталната сфера, додека социјалната неправда и нееднаквостите опстојуваат.
- Наводно неутралните софтвери, алгоритми и други технологии се засновани на родови стереотипи, односно се алатки за репродукција на родовите нееднаквости. Во дигиталната сфера станува збор за системски нееднаквости и дискриминација во технологијата и во онлајн просторот, која е дел од дигиталната инфраструктура, а не за грешки или исклучоци кои лесно би се поправиле. „Сексизмот е карактеристика, а не бубачка“ (“sexism is a feature, not a bug”).105
- Алгоритмичка дискриминација е нееднаков третман, најчесто заснован на род, родов идентитет, раса и етникум, од страна на алгоритми кои се користат во технологиите за автоматизирано донесување одлуки (на пример, при вработување, при одобрување на кредитите и други услуги), биометриски технологии за надзор (на пример, препознавање ликови) и слчно.
- Родовите нееднаквости и родовата пристрасност онлајн, особено влијаат врз правата на сексуалните работници и нивната безбедност во онлајн просторот. Ова е највидливо на теренот на дигиталното родово засновано насилство и неговата сеприсутна форма, сексуалната злоупотреба преку визуелен материјал или споделувањето слики и видеа со интимни содржини без согласност. Поради природата на занимањето, нудењето и давањето сексуални услу-

105 Ibid, 6.

ги онлајн, сексуалните работници се многу поизложени на овој вид родово засновано насилство.

- Истанбулската конвенција е клучен регионален инструмент за родово засновано насилство врз чија основа треба да се спроведуваат мерки за спречување и заштита од сексуална злоупотреба преку визуелен материјал и други форми дигитално родово засновано насилство.
- Приватноста е особено важна за сексуалните работници бидејќи прекршувањето на правото на приватност значи ризик од прекршување и на други права и губење средства за егзистенција. Клучно право во врска со приватноста во дигиталната сфера е корисниците да знаат кои податоци, на каков начин се користат, анализираат и чуваат и правото да се има контрола над овие процеси. „За сексуалните работници, приватноста значи контрола врз нивните лични податоци, поставување лични и професионални граници и побезбедно живеење и работа“.
- Еден од проблемите во врска со правото на приватност во дигиталната сфера се технологиите за надзор, и тоа надзорот над приватната комуникација на платформи за директни пораки (комуникација која не е енкриптирана) и со која највидливо се повредува правото на приватност, надзор над онлајн однесувањето и технологии за надзор кои се користат на јавен простор за обезбедување на објекти и слично.
- Обработката и анализата на податоците во дигиталната сфера е засновано на профилирање, односно редуцирање на однесувањето на корисниците на стереотипи во чии рамки се очекува да се однесуваат, но се прави и стимулирање на стереотипно однесување. Платформите директно придонесуваат кон распространување на стереотипи во дигиталната сфера, со што се одзема агенсот на корисниците за самостојно и информирано да донесат одлуки.
- Алгоритмите овозможуваат онлајн радикализацијата. Корисниците кои имаат хомофобични и шовинистички ставови ќе бидат изложени на повеќе вакви содржини со што нивните ставови наместо да се променат ќе се зацврстат.
- Деплатформизација на сексуалната работа значи преземање низа мерки од страна на различни платформи за да превенираат истите да се користат за нудење и/или давање сексуални услуги (употреба на технологии за надзор, дури и на алатки за директна комуникација, алгоритми кои спречуваат употреба на зборови и термини кои се користат во сексуална работа итн.).
- Деплатформизацијата е најчесто резултат на јавни политики со кои платформите можат да сносат одговорност доколку се користат за организирање трговија со луѓе. Овие политики не прават разлика помеѓу сексуалната работа која е доброволна и трговијата со луѓе,

со што ги криминализираат сексуалните работници. Пример е Актот за борба против онлајн трговија со луѓе (FOSTA/CESTA) од 2018 година во САД. Согласно Законот платформите се директно одговорни за овозможување трговија со луѓе за сексуална експлоатација, а под сексуална експлатација се подразбира и промовирање и организаирање проституција, со што не се прави разлика помеѓу поимите. Негативното влијание од Законот се чувствува и надвор од САД бидејќи голем број платформи кои се користат на глобално ниво се регистрирани во САД.

- Повеќето земји во Европа имаат солидно законодавство за заштита на лични податоци поради Генералната регулативата на ЕУ за заштита на податоци. Државните органи собираат лични податоци за сексуални работници во различни ситуации. Во земјите каде сексуалната работа е декриминализирана или легализирана, најчесто сексуалните работници треба да ја регистрираат својата дејност во некој орган или да се регистрираат како носители на права од социјално и здравтсвено осигурување врз основа на работа како сексуални работници. Лични податоци за сексуални работници се собираат и во здравствениот сектор, секторот за социјална заштита, судство, полиција и други. Овие податоци се посебна категорија сензитивни податоци бидејќи со нив се открива статусот на сексуален работник, а можат да содржат и други категории, како податоци за здравствен статус, сексуална ориетација, родов идентитет, етничка припадност и слично, и како такви, согласно ЕУ регулативата уживаат повисоко ниво на заштита.
- Сексуалните работници онлајн се дел од поширокатa категорија платформски работници кои веќе се препознаваат како посебна категорија работници. Онлајн платформите во најголем број случаи се фактички работодавачи, без разлика дали станува збор за платформа за сексуални услуги, за превоз или достава на храна, домашни работници, консултантски услуги итн. Предлог-директивата на ЕУ за платформски работници е пропуштена шанса за да се вклучат сексуалните работници, група која е најмногу изложена на ризик од експлоатација и лоши работни услови. Трудовото законодавство во Северна Македонија значајно заостанува зад овие трендови. Законот за работни односи ги препознава само работниците кои имаат договор за вработување.
- Платформите имаат нефер услови за сексулните работници кои нудат и даваат услуги онлајн. Клучни проблеми се: 1. непранспарентност од страна на платформите кои податоци се собираат на кој начин се чуваат и користат, 2. непреземање мерки за спречување и заштита од сексуална злоупотреба преку визуелен материјаи, 3. полоши услови на платформите во земји каде сексуалната работа е криминализирана, 4. недостаток на агенс на сексуалните работници сфатен како контрола над работни услови и практики и можност да се изрази несогласување за да се создаде промена на сопствената ситуација, 5. немање пристапни и транспарентни постапки за

жалба во случај на повреда на права од страна на платформата (пр. затворање, блокирање на профили, одземање средства), 6. немање механизми за заштита од насилство и злоупотреба (пр. пријавување на проблеми со клиенти и споделување инфомации за нив) и 7. проблеми со плаќањето.

- Сексуалната работа е предмет на цензура преку алгоритмите за модерирањето содржини. Членот 10 од ЕКЧП ги штити информациите и идеите кои ја шокираат, навредуваат или вознемируваат државата или кој било дел од населението, со неа треба да се обезбеди плуралност, а не конформизам и едноумие. Оттука, промоцијата на сексуланта работа како работа, барањата за декриминализација како единствен модел заснован на достоинството и човековите права претставуваат прогресивни идеи кои се заштитени со слободата на изразување и не смеат да бидат ограничени поради релативни концепти како морал и јавен интерес.
- Социјалните мрежи ги цензурираат, а дозволуваат ширење на (цис) сексистички, трансфобични, расистички и хомофобични ставови. На социјалните мрежи (пр. Твитер-ИКС) самиот збор “sex work” може да биде предмет на цензура, како и фотографии поврзани со промоција на сексуалната работа како работа.
- Слободата на изразување ја подразбира слободата да се примат информации и идеи и правото на пристап до информации. Поради цензурата на содржини поврзани со сексуална работа онлајн, и овој аспект на слободата на изразување на сексуалните работници е ограничен.
- Цензурата влијае и на правото на здружување на сексуалните работници и на делувањето на нивните здруженија и други здруженија кои ги штитат правата на сексуалните работници. Здружувањето на сексуалните работници е исклучително важно за нивната безбедност и добросостојба, но и за политичкото организирање за артикулирање на барања за декриминализација и почитување на правата.
- Заштитата од говор на омраза и од говор со кој се поттикнува насилство (како хомо/трансфобичен говор, сексистички говор и сл.) се дел од слободата на изразување, т.е. тие не спаѓаат во категоријата заштитен говор. Согласно праксата на ЕСЧП и препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа, државите треба да спроведуваат сеопфатни мерки за превенција и заштита во повеќе области, помеѓу кои кривично-правна заштита.
- Од инструментите на Советот на Европа, значајна во областа на кривичниот прогон на говорот на омраза е т.н. Будимпештанска конвенција или Конвенцијата за киберкриминал на Советот на Европа од 2001 година и Дополнителниот протокол за криминализација на дела од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи, кои се основа за засилена меѓународна соработка во областа.

- Европската унија има најпрогресивно законодавство во оваа област, особено со донесувањето на Актот за дигитални услуги во 2022 година. Со Актот за дигитални услуги се наметнува поголема одговорност за Интернет посредниците за говорот на омраза и другите прекршувања на човековите права на големите социјални медиуми, како обврска за јасни системи за известување и дејствување, приоритетен третман на известувањата од укажувачите од доверба, повратни информации по пријавите од корисниците и широки обврски во однос на транспарентноста.
- Во последната деценија низ цела Европа се мобилизираат анти-демократски движења, чии актери се клучни креатори на содржини со говор на омраза, насочени против сексуалните права, родовата еднаквост, а особено против правата на трансродовите луѓе. Овие движења претставуваат закана и за сексуалните работници чија добросостојба директно зависи од степенот на почитување на родовата еднаквост, сексуалните и репродуктивни права и правата на транс луѓето.
- Северна Македонија сѐ уште не е доволно дигитализирано општество. Услугите од приватниот, а уште помалку од јавниот сектор, не се доволно дигитализирани. Не постои широка употреба на алгоритмичко и автоматизирано донесување одлуки, употреба на алгоритми во технологии за надзор, датафикација и техносолуционизам, од каде не постои ниту свесност од ризиците кои овие технологии можат да ги донесат за човековите права и еднаквоста на граѓаните.
- Законодавството во областа се развива преку потребата од усогласување со правото на ЕУ и инстументите на Советот на Европа, а многу области сѐ уште не се доволно регулирани. За унапредување на дигиталните права и дигиталната безбедност најзначајна е меѓународната соработка и спроведувањето европски стандарди, особено за мали земји како Северна Македонија, кои се немоќни да наметнат правила на работењето на мултинационалните компании кои го контролираат дигиталниот простор.
- Програмите на здруженијата кои работат со сексуални работници во Северна Македонија се примарно развиени и насочени кон сексуалните работници кои работат во живо. Оттука, сексуалните работници кои работат исклучиво онлајн не се опфатени од ниту едно здружение, нити се самоорганизирани. До сега не е направено истражување помеѓу сексуалните работници за нивните потреби и проблеми онлајн.
- Сексуалната работа во Северна Македонија е криминализирана. Дури и членовите од Кривичниот закон и Законот за прекршоците на јавниот ред и мир кои не се однесуваат директно на сексуални работници, во праксата се користат за казнување и криминализација на доброволна сексуална работа. Криминализацијата нужно значи и немање пристап до механизми за заштита на правата во

случај кога тие ќе бидат повредени. На сексуалната работа се гледа исклучиво како на кривично-правен проблем и таа не се уредува од аспект на труд и социјална политика. Афирмативни политики кон сексуалните работници има само во здравствениот сектор во националните стратегии и програми за превенција од ХИВ. Политиката на криминализација е директно спротиставена со целите на јавно-здравствените политики.

- Напредок е постигнат со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, во кој сексуалните работници се препознаени како ранливи жени - се употребува афирмативниот термин „сексуални работници" и од органите при постапувањето во случаите на родово засновано насилство се бара при преземањето мерки и активности да ја земат предвид ранливата положба. Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција 2018-2023 содржи мерки за укинување на одредбите со кои се казнува сексуалната работа. Реализацијата на оваа мерка, измени на Член 19 од Законот за прекршоците на јавниот ред и мир, е предвидена за 2019 година, но реализацијата не е ниту започната.
- Сексуалните работници во Северна Македонија користат платформи за рекламирање на ескорт услуги и огласници. Поретко користат страници со порнографски содржини каде објавуваат видеа и броеви за контакт. Социјалните мрежи и апликациите за директни разговори ги користат за комуникација со клиенти.
- На ниту една од платформите за ескорт услуги, Правилата и условите за користење на платформите не се достапни на македонски или албански јазик.
- Платформите се дизајнирани согласно потребите на клиентите на сексуалните работници, ги пресретнуваат нивните потреби и ним им се обраќаат. Судејќи според текстот и дизајнот на платформите, тие ги третираат сексуалните работници како лица без агенс (автономија на дејствување), не комуницираат на директен начин и не ги интересираат нивните потреби и мислења.
- Кај сите платформи за рекламирање ескорт услуги кои ги користат сексуалните работници во Северна Македонија, видлив е дисбалансот на податоци кои се бараат од сексуалните работници наспроти клиентите. Клиентите не мора да се регистрираат за да ги гледаат огласите во целост.
- Платформите не нудат посебни делови каде сексуалните работници можат да контактираат со платформата или да комуницираат меѓу себе, нема податоци за безбедност, употреба на контрацепција, пренос на СПИ/ХИВ, заштита од родово засновано насилство итн. Содржините на сексуалните работници непречено можат да се зачувуваат од платформите.
- Со исклучок на платформата eurogirlseskort.com, на другите нема можност да се објават податоци за клиенти со кои сексуалните работници имале лоши искуства. Во менито на „црната листа" има можност да се пребаруваат електронски адреси и телефони што

е корисна алатка за сексуалните работници да ги проверат клиентите со кои договараат средби. Но, на платформите барањето на сексуалните работници однапред да се плати за услуга се смета за измама. Како резултат на ова, на црната листа се ставени сексуални работници само затоа што ова го побарале.

- Сексуалните работници на платформите даваат согласност за речиси секакво користење на нивните содржини, која може да вклучи и продажба и објавување на содржините на која било друга платформа, со што ризикуваат да немаат контрола каде, во кој контекст и на кој начин нивните содржини ќе бидат понатаму објавувани и употребувани.
- Сексуалните работници имаат ограничени можности да побараат целосно и конечно бришење на личните податоци споделени со платфомрата. Само на cityoflove има опција да се побара информација, преглед или бришење на податоците од страна на платформата.
- Платформите не прифаќаат било каква одговорност за нешто што може да произлезе од платформата. Самите платформи тврдат дека не се на никаков начин инволвирани во сексуална работа. Наспроти овие тврдења, овие платформи имаат клучна улога во сексуалната работа, директно и индиректно ги регулираат условите во кои се одвива сексуалната работа, имаат можност да влијаат на безбедноста, приватноста и економската благосостојба на сексуалните работници. Платформите не се неутрални, напротив, со нивниот дизајн, јазикот кој го користат и информациите кои (не) ги споделуваат, со податоците кои оставаат простор да се објават, кои ги собираат и користат, ги ставаат сексуалните работници во понеповолна положба, не ги пресретнуваат нивните потреби и не се грижат за нивната безбедност.
- Огласниците кои се користат за рекламирање сексуални услуги не се наменети за сексуална работа. На нив е забрането да се нудат сексуални услуги. Овие огласници сè помалку се користат, а податоците кои ги објавуваат сексуалните работници се пооскудни. Огласниците собираат лични податоци кои можат да се поврзат со личноста. Сексуалните работници ризикуваат да бидат санкционирани за сексуална работа доколку се рекламираат на овие огласници, особено ако се земе предвид дека и самите огласници не сакаат вакви огласи на нивните страници и за разлика од ескорт платформите, огласниците се компании регистрирани во Северна Македонија, од каде соработката со македонските органи за прогон е поедноставна и поефикасна.
- Во Северна Македонија не постои ефикасна и ефективна заштита за жртвите на дигитално родово засновано насилство. Кога фотографии и други материјали се споделени во контекст на сексуална работа постои дополнителна бариера, односно стравот од криминализација на жртвите да се обратат за помош до институциите. Кривичниот закон и Законот за спречување и заштита од насил-

ство врз жени и семејно насилство соодветно ја уредуваат оваа област. Недоволното спроведување на законската рамка е клучниот проблем. Од една страна се ниските капацитети на Одделот за електорнски криминал кој не располага со доволно стучни лица за да одговорат на зголемениот број вакви случаи, но клучниот проблем е во Обвинителството кое не ги препознава како криминал кој треба да се гони. Во с’ржта на проблемот се родовите стереотипи и сексистичките ставови на институцијата со кои се релативизира насилството и се обвинуваат жртвите.

- Во Северна Македонија институциите собираат податоци за сексуалните работници и тоа во областа на здравството при спроведување на Програмата на превеницијa од ХИВ и во правосудството (полиција, обвинителство и судови), како сторители на казниви дела поврзани со сексуална работа. Законот за заштита на лични податоци ги препознава овие категории податоци како „посебни категории лични податоци“ и предвидува построги услови за нивни прибирање и обработување. Законот треба дополнително да се усогласи со правото на ЕУ, но клучниот проблем е неговото недоволно спроведување.
- Потребно е осовременување на начинот на прибирање, чување и обработка на податоци, вклучително и на обемот на податоци кои се собираат во рамки на програмата за превенција од ХИВ, како услогласување со новиот Закон за заштита на лични податоци, обновување на технологиите за безбедност на софтверот, повторно обмислување на шифрите на начин на кој нема да содржат лични податоци, како и развивање внатрешни протоколи кои детално ќе ги регулираат овие процеси.
- Со дигитализацијата на комуникациите и со растот на популарноста на социјалните мрежи тие стануваат клучно место за информирање на населението. Ова значи дека на глобалните технолошки компании им даваме права и обврски за заштита и уредување на слободата на изразување, со што се приватизира заштитата на слободи и права клучни за демократијата. Оттука, неопходно е унапредување на правото на меѓународно и/или регионално ниво за регулирање на нивната работа во однос на овозможувањето на слободата на изразување, чиј дел е и заштитата од говор на омраза. Освен неколку дела од Кривичниот законик кои можат да се употребат за заштита од онлајн вознемирување и говор на омраза, работата на социјалните мрежи во Северна Македонија не е воопшто регулирана.
- Сексуалните работници од Северна Македонија и нивните здруженија, за проблемот со цензура на социјалните мрежи речиси и да не можат ништо да направат за да ја променат состојбата. „Регионот на Западен Балкан е по правило невидлив за глобалните технолошки компании, а без установени канали за комуникација, пристапот на заштита на правата е значајно намален“.[106]

106 Ibid 96.

- Социјалните мрежи повеќе се користат за мобилизација и радикализација на десно-популистички идеи отколку што служат за промоција на идеи за еднаквост и социјална правда на маргинализирани групи. Современиот популизам поттикнат од алгоритмите на социјалните медиуми ја искористува јавната сфера, ја нарушува и извитоперува индивидуалната реалност.107 Социјалните мрежи се безбеден простор за ширење на говор на омраза, со што и луѓе кои не би користеле говор на омраза во живо, тука наоѓаат овозможувачка и охрабрувачка средина да го сторат тоа.
- Во Северна Македонија говорот на омраза заснован на род, сексуална ориентација, родов идентитет, раса и етникум, сексистичкиот и курво-фобичен говор се сеприсутни на социјалните мрежи. Загрижувачки ефект од широкораспространетиот говор на омраза е автоцензурата на гласовите кои промовираат или би промовирале идеи за еднаквост, унапредување на правата и добросостојбата на маргинализираните заедници. Изразувањето позитивни ставови за сексуалната работа е непопуларно, па оттука промовирањето на сексуалната работа како работа многу веројатно дека ќе биде дочекано со говор на омраза и навреди.
- Националните механизми за заштита од говор на омраза, особено кривично-правната заштита, се неефикасни. Кривично-судската пракса во однос на говорот на омраза е оскудна. Клучниот проблем е Обвинителството кое не ги препознава овие дела, а особено пристрасно одлучува кога е во прашање говор на омраза заснован на сексуална ориетација, род и родов идентитет.
- Законот за медиуми не ги регулира онлајн медиумите. Во Северна Македонија не постои граѓански закон кој ќе предвиди обврска за мониторирање и казнување на онлајн медиумите кои шират говор на омраза и дискриминаторски говор. Онлајн медиумите се предмет, т.е. можат да бидат предмет на саморегулација, но саморегулацијата има ограничени ефекти, медиумите учествуваат ако сакаат и не постојат механизми да се натера одреден медиум да ја испочитува одлуката на саморегулаторното тело.

107 Ibid 97.

# 6.

# ПРЕПОРАКИ

## За донесувачи на одлуки:

- Декриминализација на сексуалната работа по примерот на Нов Зеланд. Законската рамка за декриминализација особено треба да обрне внимание на заштитата на сексуалните работници од дигитално родово засновано насилство, заштита на лични податоци и други аспекти од правото на приватност и да предвиди права од работен однос на сексуалните работници кои работат онлјан.
- Зајакнување на капацитетите на Одделението за електронски криминал и дигитална форензика, на основните јавни обвинителства и на судовите за заштита од говор на омраза и дигитално родово засновано насилство.
- Целосно усогласување на Законот за заштита на лични податоци со правото на ЕУ (Генерална регулатива на ЕУ за заштита на податоците), зајакнување на капацитетите на Агенцијата за заштита на лични податоци (финансиски и човечки) и на институциите за спроведување на законот, како и усогласување на законодавството во сите области со Законот за заштита на лични податоци.
- Усогласување на домашното право со правото на ЕУ во областа на дигитализација, особено со Актот за дигитални услуги, заштита на правото на приватност онлајн, забрана за надзор над приватна комуникација, одговорност на технолошките компании и Интернет посредниците за говор на омраза, дезинформации и дискриминаторски говор, забрана за профилирање засновано на стереотипи, гарантирање на право на контрола над податоците на корисниците кои се собираат и обработуваат, право на жалба итн.
- Препознавање на аспектите на еднаквост, недискриминација, говор на омраза и родово засновано насилство во политиките за дигитализација и нивно вклучување во Стратегијата за сајбер безбедност, Законот за безбедност на мрежи и друго.
- Донесување закон за медиуми кој ќе ги опфати и онлајн медиумите и ќе го третира проблемот на говор на омраза и дезинформации.
- Зајакнување на капацитетите на сите институции вклучени во одговорот и превенцијата на родово засновано насилство и насилство врз жени, со фокус на сексуалната злоупотреба онлајн.
- Доследно спроведување на Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција 2018-2023.
- Експлицитно криминализирање на онлајн и офлајн говорот на омраза, кој поради својата сериозност треба да биде предмет на кривично-правна санкција.
- Донесување и спроведување програми за дигитална писменоста и превенција од онлајн радикализација во формалното образование

во сите степени.

- Препознавање на алгоритмичката дискриминација во Законот за спречување и заштита од дискриминација.
- Донесување протоколи во институции кои користат или планираат да воспостават користење алгоритми за донесување одлуки или во технологиите за надзор за превенција од алгоритмичка дискриминација.
- Унапредување на политиките за спречување и заштита од трговија со луѓе, со цел јасно одвојување на сексуалната работа од сексуалната експлоатација и трговијата со луѓе за сексуална експлоатација.
- Институтот за јавно здравје и Министертвото за здравство во соработка со здруженијата кои ја спроведуваат ХИВ програмата да го осовременат начинот на прибирање, чување и обработка на податоци, вклучително и на обемот на податоци кои се собираат во рамки на Програмата за превенција од ХИВ, да го услогласат со новиот Закон за заштита на лични податоци, да ги обновуват на технологиите за безбедноста на софтверот, повторно да го обмислат начинот на формирање на шифрите за истите да не содржат лични податоци и да развијат внатрешни протоколи кои детално ќе ги регулираат овие процеси.
- Темелни измени на трудовото законодавство со цел препознавање на т.н. платформски работници и други самовработени лица и лица кои работат без договор за вработување.

## За здруженија на граѓани:

- Спроведување теренско истражување со сексуални работници од Северна Македонија за мапирање на алатките и технологиите кои ги користат, однесувањето во дигиталниот простор, потребите од заштита на нивните податоци и унапредувањето на дигиталната безбедност.
- Креирање тренинг модул за дигитална писменост и дигитални права на сексуални работници кој ќе ги опфати темите на (по)безбедно однесување во онлајн просторот и стретегии за справување и намалување на штети од дискриминацијата, цензурата и исклучувањето од дигиталниот простор. Модулот треба да се спроведува преку врснички едукатори/-ки со цел сексуалните работници повеќе да ја валоризираат сопствената приватност и дигитална безбедност и да стекнат вештини за употреба на технологии за заштита.
- Развивање програми за правни и социјални услуги за сексуални работници кои работат исклучиво онлајн и јакнење на нивните капацитети за унапредување на правата.
- Спроведување активности за подигање на свеста за дигитално родово засновано насилство, како сексуална злоупотреба преку слики

и сексуално вознемирување онлајн помеѓу сексуални работници, со цел препознавање на овие форми на насилство како однесување кое може да се пријави, да се документира и да се побара заштита.

- Партнерства со организации за родова еднаквост и против родово засновано насилство за заедничко застапување за зголемување на свеста и спроведување на препораки за зајакнување на дигиталната безбедност со цел намалување на споделувањето без согласност на интимни материјали и одговорност на сторителите
- Партнерства со здруженија и други клучни актери во областа на дигиталните права со цел препознавање на родовата еднаквост, правата на сексуалните работници и другите маргинализирани групи во Агендата за дигитализација.
- При застапување за декриминализација на сексуалната работа да се земат предвид дигиталните права и дигиталната безбедност на сексуалните работници, заштитата на личните податоци. Податоците кои би ги давале сексуалните работници на органот во кој се регистираат треба да бидат минимални, односно да се даваат само податоци кои се неопходни за да се добијат првата. Моделот на регулација на сексуалната работа треба да содржи гаранции дека податоците на сексуалните работници прибрани од органот каде се регистрираат нема да се споделуваат со други органи и нема да се користат спротивно на целта за која се дадени.

# 7. БИБЛИОГРАФИЈА

### Латинична

Benaissa, N., “Article 7: The right to Privacy as a Gatekeeper to Human Rights” article in “Digital Rights are Charter Rights”, Digital freedom found.

Benjamin, Ruha, “Race after Technology. Abolitionist Tools for the New Jim Code”. Polity, 2019.

Bychawska-Siniarska, D., “Protecting the Right to Freedom of Expression, A Handbook for Legal Practitioners”, Council of Europe, 2017.

“Conditions, Control and Consent: Exploring the Impact of Platformisation of Sex Work”, ESWA, 2023.

“Contested and Misunderstood: The Value of Privacy and Data Protection for Sex Workers”, European Sex Workers’ Rights Alliance, 2022.

Eksi, S., “Digital Populism: The Internet and the Rise of Right-Wing Populism”, European Center for Populism Studies, 2021.

Giannopoulou, A., “Digital Rights are Charter Rights”, Digital Freedom Fund.

Guide to the Case-Law of the the European Court of Human Rights “Data Protection”, ECtHR, 2023.

Maly, Ico.“Populism as a Mediatized Communicative Relation: The Birth of Algorithmic Populism.” Tilburg Papers in Culture Studies, Tilburg University, 2018.

Mullaney, S.T., Peters, B., Hicks, M., Philip, K., “Your Computer Is on Fire”, The MIT Press, 2021.

Qin, L., Hamilton, V., Aydinalp, Y., Scarlett, M., and Others, “Toward Safer Intimate Futures: Recommendations for Tech Platforms to Reduce Image Based Sexual Abuse”, ESWA, 2023.

The Impact of Online Censorship & Digital Discrimination on Sex Workers, ESWA, 2022.

Theilen, J., „Digital Inequalities and the Promise of Equality Before the Law“. Digital Freedom Found.

Tsakyrakis, S., “Proportionality: An Assault on Human Rights?”, International Journal of Constitutional Law, 7(3).

**Кирилична:**

Бојаџиевска, И., Шикова, Н., „Северна Македонија опсерваторија за дигиталната агенда: извештај за тековната состојба и патоказ за унапредување на Дигиталната агенда во Северна Македонија, Фондација Метаморфозис, 2022.

Бошкова, Н., Цековски, И., „Влијанието на политиките за трговија со луѓе врз сексуалните работници во Република Северна Македонија“, ХОПС, 2020.

Дрндаревска, Д., Извештај за повреди на човекови права од документирани случаи во Коалиција Маргини, за периодот 1.2.2023 – 30.8.2023, Коалиција Маргини, 2023.

Дрндаревска, Д., „Стандардите на европското право за спречување и заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“, 2019.

Маркоски, А., „Анализа за утврдување на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023.

Маролов, Д., и Стојановски, С., „Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија“, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Михајлова Стратилати, Е., „Анализа на законската рамка на Северна Македонија за регулирање на говорот на омраза“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023.

Неткова, Б., „ Анализа на говорот на омраза во земјите на Западен Балкан“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2023.

„Регулатива во областа на дигиталните права компаративна анализа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна гора, Северна Македонија, Србија“, Share Fondacija, 2021.

Штерјова- Симоновиќ, Х., Бошкова, Н., „Анализата на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија“, ХОПС, 2017.

**Закони и политики:**

Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 2011.

Закон за прекршоците на јавниот ред и мир

Закон за медиуми

Закон за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги

Кривичен закон

Закон за работните односи

Закон за заштита на личните податоци

Закон за граѓанска одговорност од навреда и клевета

Предлог-закон за безбедност на мрежи и информациски системи

Влада на Република Македонија, Стандардни оперативни процедури на постапување со жртви на трговија со луѓе, 2018.

Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе, МТСП, 2014 г

Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023.

Национална стратегија за сајбер безбедност 2018 – 2022.

Национална стратегија за сајбер безбедност 2023 - 2026.

Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Македонија 2017-2022

Directive (EU) 2022/2555 of the European Parliament and of the Council of 14 December 2022 on Measures for a High Common Level of Cybersecurity Across the Union, Amending Regulation (EU) No 910/2014 and Directive (EU) 2018/1972, and Repealing Directive (EU) 2016/1148 (NIS 2 Directive)

Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the Protection of Natural Persons with Regard to the Processing of Personal Data and on the Free Movement of Such Data, and Repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation)

Proposal for a Regulation of the European Parliament and of the Council Laying Down Rules to Prevent and Combat Child Sexual Abuse, Brussels, 11.5.2022.

Recommendation CM/Rec(2022)16 of the Committee of Ministers to Member States on Combating Hate Speech (Adopted by the Committee of Ministers on 20 May 2022 at the 132nd Session of the Committee of Ministers)

Regulation (eu) 2022/2065 of the Euuropean Parliament and of the Council of 19 October 2022 on a Single Market For Digital Services and Amending Directive 2000/31/EC (Digital Services Act)

European Declaration on Digital Rights and Principles for the Digital Decade (2023/C 23/01)

Convention on Cybercrime (ETS No. 185), Council of Europe, 2001.

Additional Protocol to the Convention on Cybercrime, Concerning the Criminalisation of Acts of a Racist and Xenophobic Nature Committed Through Computer Systems, Council of Europe, No 189, 2003

The Charter of Digital Rights, Edition 10, Guide for Policymakers, EDRi

North Macedonia 2023 Report, European Commission, Brussels, 2023, 28.

**Во издание на:**

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

**Поддржано од:**

Digital Defenders Partnership